Република Македонија
Државен завод за статистика

Republic of Macedonia
State Statistical Office

Одржлив развој, 2010

Sustainable development, 2010

Скопје, 2010

Skopje, 2010

При користење на податоците да се наведе изворот:
"Одржлив развој, 2010"
When using data please cite the source as follows:
"Sustainable development, 2010"

Издавач:
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА, Скопје, "Даме Груев" 4

Publisher:
THE STATE STATISTICAL OFFICE Skopje, Dame Gruev 4

За издавачот:
м-р Благица Новковска, директор

For the publisher:
Blagica Novkovska, M.Sc

Лектор на македонски јазик: Јасмина Ѓорѓиева
Macedonian proofreading: Jasmina Gjorgjieva

Лектор на англиски јазик: Милан Василев
English proofreading: Milan Vasilev

Технички уредник: Татјана Ѓорѓиевска
Technical editor: Tatjana Gjorgjievska

Број на страници: 156
Number of pages: 156

Тираж: 350
Number of copies printed: 350

Печатено во: "Винсент графика" ДОО - Скопје
Printed by the: "Vinsent grafika" DOO - Skopje

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" Скопје

502.131.1(497.7)*2000/08*(083.41)
332.146.2(497.7)*2000/08*(083.41)

ОДРЖЛИВ развој, 2010 = Sustainable development, 2010, - Скопје :
Државен завод за статистика на Република Македонија, 2010, - 156 стр.
: табели ; 21 см

ISBN 978-9989-197-83-3
1. Насп. ств. насл.
а) Одржлив развој - Македонија - 2000-2008 - Статистика
COBISS.MK-ID 82012682

Предговор

Овој статистички преглед претставува прв обид во Република Македонија да се актуелизира концептот на одржлив развој во статистичка смисла на зборот.

Одржливиот развој претставува развој што овозможува задоволување на потребите на сегашните, без да се загрози можноста за задоволување на потребите на идните генерации. Тоа е предизвик со кој се соочува секој човек, земја, светот воопшто, со цел да се обезбеди континуиран напредок на квалитетот на животот и благосостојбата на земјата за сегашните и идните генерации, но и цел според која треба да се раководат сите преземени активности и политики.

Имајќи го предвид глобалното значењето на одржливиот развој, Државниот завод за статистика направи напори да ги пресмета и да ги обедини на едно место расположливите индикатори во статистичкиот систем на Република Македонија, а во функција на одржливиот развој. Станува збор за индикатори со повеќестран карактер кои ја одразуваат економската, социјалната, еколошката и, во извесна мера, институционалната димензија на одржливиот развој.

Концептот на изданието ја следи структурата на сетот на индикатори, дефиниран со Европската стратегија за одржлив развој. Индикаторите се пресметани врз основа на информациите со кои располага статистичкиот систем и методологијата усогласена со онаа на Европската унија. Притоа, индикаторите само го прикажуваат трендот на одредена појава, без да се прејудицира одржливост или не.

Следните напори на ДЗС ќе бидат насочени кон обезбедување на индикаторите со кои во моментов не се располага. Сетот ќе биде надополнет со индикатори кои ќе произлезат од усвојувањето на Националната стратегија за одржлив развој и дефинирањето на националниот сет кој ќе ги отсликува националните приоритети на одржливиот развој.

Сите ваши предлози, сугестии и забелешки во насока на подобрување на квалитетот на изданието ќе бидат прифатени со задоволство.

Директор

м-р Благица Новковска

Preface

This statistical review represents is a first attempt in the Republic of Macedonia to promote the sustainable development concept from a statistical point of view.

Sustainable development means that the needs of the present generation should be met without compromising the ability of future generations to meet their own needs. It is a challenge that each person, country, and the whole world in general is faced with, in order to ensure continuous improvement of the quality of life and well-being for present and future generations; it is also an objective that all undertaken actions and policies should conform to.

Bearing in mind the global importance of sustainable development, the State Statistical Office made efforts to compile and to unite in one place available indicators in the statistical system of the Republic of Macedonia, all for the purpose of sustainable development. The indicators have a multi-domain character and reflect the economic, social, environmental, and, to a certain degree, the institutional dimension of sustainable development.

The concept of the publication follows the structure of the set of indicators defined with the European strategy for sustainable development. The indicators are compiled on the basis of information that the State Statistical Office has at its disposal, and the methodology, which is harmonized with that of the European Union. At the same time, the indicators simply show the trend of a certain phenomenon, without prejudicing sustainability or non-sustainability.

The future efforts of the State Statistical Office will be directed toward providing indicators that are not available at this moment. The set of indicators will be complemented with indicators that will result from the adoption of the National Strategy for Sustainable Development and from the establishment of a national set which will reflect the national priorities for sustainable development.

All proposals, suggestions or remarks on improving the quality of the edition are welcome.

Director
Blagica Novkovska, M.Sc

Содржина

Contents

Листа на кратенки

ЕУ 27	= Европска Унија (27 земји членки)
БДП	= Бруто домашен производ
ESA	= Европски систем на сметки
НТЕС	= Номенклатура на територијални единици за статистика
КЗП	= Користена земјоделска површина
ISCED	= Меѓународна класификација на образованието
ICD	= Меѓународна класификација на болести
SITC	= Меѓународна стандардна трговска класификација

List of abbreviations

EU 27	= European Union (27 member state)
GDP	= Gross domestic product
ESA	= European System of Accounts
NUTS	= The Nomenclature of Territorial Units for Statistics
UAA	= Utilized agriculture area
ISCED	= International Standard Classification of Education
ICD	= International Classification of Diseases
SITC	= Standard international trade classification

Листа на технички кратенки

кт	= килотони
кгме	= килограми маслени еквиваленти
ктме	= килотони маслени еквиваленти
NMVOC	= Неметански испарливи органски соединенија
CO_2	= Јаглерод диоксид
O_2	= Кислород
$БПК_5$	= Биохемиска потрошувачка на кислород за 5 дена

List of technical abbreviations

kt	= kilotonnes
kgoe	= kilogram of oil equivalent
ktoe	= kilotonne of oil equivalent
NMVOC	= Non-methane volatile organic compounds
CO_2	= Carbon dioxide
O_2	= Oxygene
BOD_5	= Biochemical oxygen demand within 5 days

Листа на знаци

-	= нема појава
…	= не се располага со податок
0	= податокот е помал од 0.5 од дадената единица мерка
1)	= ознака за фуснота

Symbol

-	= no entry
…	= data not available
0	= value is less than 0.5 of the unit of measure being used
1)	= footnote beneath

Вовед

„Земјата не ја наследивме од предците,
туку ја позајмивме од нашите деца“
Лакота

Одржливиот развој, како глобален концепт, претставува предизвик со кој се соочува секој човек, земја, светот воопшто, сѐ со единствена цел да се обезбеди континуиран напредок на квалитетот на животот и благосостојбата на земјата и да се обезбеди одржлив развој како за сегашните, така и за идните генерации.

Неодржливите трендови во однос на климатските промени, употребата на енергијата, сиромаштијата и социјалната исклученост, демографскиот притисок и стареењето, заканите кон јавното здравство, користењето на природните ресурси, загубата на биодиверзитетот, се процеси кои имаат карактер на ургентност. Судбината на идните генерации е во рацете на сегашните кои имаат должност да го сочуваат капацитетот на планетата за поддршка на животот во целокупниот диверзитет и да обезбедат одржлив развој. Одржливиот развој претставува развој што овозможува задоволување на потребите на сегашните, без да се загрози можноста за задоволување на потребите на идните генерации.

Остварувањето на оваа цел значи создавање на економија со полна и висококвалификувана вработеност, квалитетна здравствена заштита, социјална и територијална кохезија, како и заштита на животната средина, сето тоа во услови на мирен и безбеден свет.

Определбата на Европа за активно учество во глобалниот процес на одржливиот развој, истакната на конференцијата во Рио де Жанеиро[1)] во 1992, резултираше со усвојување на првата стратегија за одржлив развој (СОР) на ЕУ, во Гетеборг, 2001 година и ревидирана во 2006 од страна на Европската комисија.

Основна цел на ревидираната стратегија е воспоставување на сет на мерки и активности со кои ќе се овозможи континуирано подобрување на животот на сегашните и идните генерации преку создавање на одржливи заедници способни да управуваат и ефикасно да ги користат природните ресурси како и да го развиваат еколошкиот и социјалниот иновативен потенцијал на економијата со што ќе се обезбеди економски просперитет, заштита на животната средина и социјална кохезија.

Ревидираната европска стратегија за одржлив развој (ЕСОР) укажува на глобалниот карактер на одржливиот развој и на потребата од глобална солидарност, вклучување на сите, а особено на земјите со забрзан развој кои имаат значајно влијание врз глобалниот одржлив развој. Европската стратегија е логично надополнување на Лисабонската декларација и во голема мерка кореспондира со Милениумските развојни цели.

Клучните цели на европската СОР се однесуваат на заштитата на животната средина, социјалната еднаквост и кохезија, економскиот просперитет, како и исполнувањето на меѓународните обврски.

Оттука, како главни предизвици се наметнуваат:

- **Климатските промени и чистата енергија** - лимитирање на климатските промени и намалување на трошоците и негативните последици што тие ги имаат врз општеството и животната средина;
- **Одржливоста на сообраќајот** - задоволување на потребите за сообраќај со минимизирање на несаканите последици врз економијата, општеството и животната средина;
- **Одржливиот модел на производство и потрошувачка** - одвојување на економскиот развој од деградацијата на животната средина;
- **Зачувувањето и управувањето со природните ресурси** - избегнување на прекумерната експлоатација на природните ресурси;
- **Јавното здравство** - еднаков пристап до квалитетно здравство и подобрена заштита од закани по здравјето;
- **Социјалната вклученост, демографијата и миграциите** - подобрување на условите за живот како предуслов за трајна индивидуална благосостојба;
- **Глобалната сиромаштија и соочување со предизвиците на одржливиот развој** - намалување на сиромаштијата, активна промоција на одржливиот развој и обезбедување конзистентност на внатрешните и надворешните политики со глобалниот одржлив развој и преземените меѓународни обврски.

Прогресот во реализацијата на поставените цели на одржливиот развој се следи преку сет на индикатори, дефиниран од страна на Европската комисија. Сетот на индикатори е организиран во основни теми, следејќи ја економската, социјалната, еколошката и институционалната димензија на одржливиот развој. Индикаторите се организирани на три нивоа според подобласта на која припаѓаат.

Државниот завод за статистика, при подготовката на ова издание ја следи истата структура и главно, во ова издание се прикажани првото и второто ниво на индикатори од секоја тема. Основните индикатори го покажуваат нивото на исполнување на севкупната цел на СОР, додека второто ниво се однесува на исполнувањето на оперативните активности дефинирани со СОР и всушност се водечки во соодветните поттеми.

Индикаторите само го покажуваат трендот во одредена област без да прејудицираат дали тој е одржлив или не. Паралелно со усвојувањето на Националната стратегија за одржлив развој, неопходно е да се дефинираат и квантифицираат соодветни цели кои ќе овозможат да се анализира степенот на реализацијата на поставената цел.

Податоците, главно, се однесуваат на периодот 2000-2008 година и покрај за Република Македонија, прикажани се и споредбени податоци за просекот на ЕУ 27.

Покрај податоците, во публикацијата се презентирани и дефинициите за секој индикатор што би требало да обезбеди правилна интерпретација на индикаторите.

1) Конференција одржана од страна на Обединетите Нации на тема животна средина и развој, јуни 1992 година, Рио де Жанеиро.

Introduction

"We do not inherit the Earth from our ancestors;
we borrow it from our children"
Lakota

Sustainable development as a global concept poses a challenge for every person, country and the world in general, all with one objective - to ensure continuous improvement of the quality of life and well-being for present and future generations.

Unsustainable trends regarding climate changes, energy usage, poverty and social exclusion, demographic pressure and aging, threats to public health, use of natural resources, loss of biodiversity, are all processes that have high level of urgency. The destiny of future generations is in the hands of the present generation, which has an obligation to preserve the planet's capacity to support life with its entire diversity, and to ensure sustainable development.

Sustainable development means that the needs of the present generation should be met without compromising the ability of future generations to meet their own needs.

Achievement of this aim means creating an economy with full and qualified employment, quality health care, social and territorial cohesion, as well as environmental protection, all this in a safe and peaceful world.

The European commitment to participate actively in the process of global sustainable development, expressed on the Rio de Janeiro[1)] conference in 1992, has resulted with the adoption of the first sustainable development strategy of the EU in Göteborg, 2001 and its revision in 2006 by the European Commission.

The overall aim of the renewed sustainable development strategy is to develop a set of actions and measures that will enable continuous improvement of the quality of life, both for current and for future generations, through the creation of sustainable communities that are able to manage and use resources efficiently and to tap the ecological and social innovation potential of the economy, ensuring prosperity, environmental protection and social cohesion.

The revised European strategy implies the global aspect of sustainable development and the need for global solidarity, the involvement of everyone, and in particular developing countries as they play an important role in global sustainable development. The European strategy is the logical complement to the Lisbon Declaration and it corresponds greatly to the Millennium Development Goals.

The key objectives of the European SDS refer to environmental protection, social cohesion, economic prosperity and commitment to international obligations.

Hence, seven key challenges have been identified:

- **Climate changes and clean energy** - to limit climate change and its costs and negative effects to society and the environment;
- **Sustainable transport** - to ensure that our transport systems meet society's economic, social and environmental needs whilst minimizing their undesirable impacts on the economy, society and the environment;
- **Sustainable production and consumption** - to decouple economic growth from environmental degradation;
- **Conservation and management of natural resources** - to improve management and avoid overexploitation of natural resources;
- **Public health** - to promote good public health on equal conditions and improve protection against health threats;
- **Social inclusion, demography and migrations** - to create a socially inclusive society, solidarity between and within generations and to secure and increase the quality of life of citizens as a precondition for lasting individual well-being;
- **Global poverty and sustainable development challenges** - poverty reduction, active promotion of sustainable development and consistency of internal and external policies with global sustainable development and its international commitments.

The progress in realizing the defined objectives is monitored trough a set of indicators, defined by the European Commision. The set of indicators is organised in main themes, following the economic, social, environmental and institutional dimension of sustainable development. The indicators are further organised in three levels according to the sub-theme they belong to.

During the praparation of the edition the same structure has been followed, and mainly first and second level indicators are presented for each theme. The headline indicators represent the achievemnet level of the overall objectives of SDS, while the second-level indicators refer to the realisation of operational activities defined by the strategy, having a role of headline indicators in particular sub-themes.

The indicators simply show the movement in a particular area without prejudicing sustainability or non-sustainability. Along with the adoption of the National Sustainable Development Strategy, it is necessery to set targets that would make it possible to analyze the degree of their realisation.

Data refer mainly to the 2000-2008 period and along with data for the Republic of Macedonia, also shown are comparable data for the EU 27 – average. In the review definitions are presented along with the indicator in order to be understood properly.

[1)] *United Nations Conference on Environment and Development (UNCED), Rio de Janeiro, June 1992*

1 Социоекономски развој

Socioeconomic development

Стратешка цел:

„...Промоција на просперитетна, иновативна, стручна, конкурентна и еко-ефикасна економија која ќе обезбеди високо ниво на животен стандард, полна и висококвалитетна вработеност...”

Strategy objective:

“...Promote a prosperous, innovative, knowledge-rich, competitive and eco-efficient economy, which provides high living standards and full and high-quality employment...”

Вовед

Социоекономскиот развој ја отсликува економската и социјалната димензија на одржливиот развој. Оваа тема, главно, е посветена на активностите кои се неопходни за постигнување на просперитетна, иновативна, конкуретна и развојна економија со одржлив економски раст кој ќе овозможи целосна вработеност и поголема социјална кохезија. Индикаторите во темата се заемно поврзани.

Економскиот раст прикажан преку основниот индикатор - бруто-домашен производ (БДП) по глава на жител - го означува нивото на развој на севкупната економија и животниот стандард во општеството. Доволно висока стапка на БДП значи дека општеството создава дополнителни економски ресурси кои освен што ќе ги задоволат тековните економски потреби, ќе овозможат инвестирање во иднината како и решавање на социјалните и еколошките проблеми. Дисперзијата на регионалниот БДП по глава на жител ја надополнува сликата од причина што ги мери регионалните диспаритети.

Економскиот развој е определен од големината на вкупните инвестиции по структура и по намена. Инвестициите директно влијаат на зголемувањето на конкурентноста и вработеноста што придонесува за создавање на БДП. Од друга страна, инвестициите во образованието, доживотното учење и во истражувањето и развојот претставуваат инвестиции во човечкиот капитал од кои се очекува да ја зголемат продуктивноста на трудот.

Социјалната димензија на економскиот раст се препознава во обезбедувањето на економски ресурси кои ќе овозможат намалување на сиромаштијата, инвестирање во квалитено образование и здравствена заштита, односно придонесуваат за одржливост на јавниот финасиски систем. Во услови на стареење на општеството, исклучувањето на постарите вработени лица од пазарот на трудот ќе го оптовари пензискиот ситем правејќи го неодржлив.

Имплементацијата на нови технологии обезбедува економски просперитет и зголемена продуктивност. Сепак, тие би можеле негативно да влијаат врз сообраќајот, енергијата и климатските промени доколку не се избалансирани со порастот на продуктивноста на ресурсите. Единствено правилно насочените средства за истражување и развој може да обезбедат нови производствени и потрошувачки модели кои ќе овозможат разумна употреба на природни ресурси, помали количини на отпад и загадување на водата и воздухот.

Одвојувањето на економскиот раст од деградацијата на животната средина преку употреба на еколошки ориентирани технологии и иновации претставува еден од клучните предизвици на одржливиот развој.

Табелите за секое поглавје можат да се видат во Додатокот.

Introduction

Socioeconomic development highlights the economic and social dimension of sustainable development. This section is devoted mainly to actions related to reaching prosperous, innovative, competitive and dynamic knowledge–based economy with sustainable economic growth capable of providing full employment and greater social cohesion. Issues and indicators within the theme are strongly interrelated.

Economic growth expressed with the headline indicator Gross domestic product (GDP) per capita indicates the level of overall economic performance and living standard of society. Sufficiently high GDP growth rate means that the society is generating additional economic resources not only to meet the current economic needs of present generation, but also to invest in the future or to address social and environmental concerns. Dispersion of regional GDP per inhabitant completes the picture since it measures regional disparities.

Economic development is determined by the value of total investment both by structure and purpose. Investments have a direct influence on the improvement of competitiveness and employment, which in turn contributes to GDP growth. On the other hand, investments in education, long-life learning or research and development are considered as human capital investments, which are expected to increase the labour productivity.

Economic growth also has a social dimension, as it can provide economic resources to reduce poverty, to invest in quality education, health care or to contribute to the sustainability of public finances. In an aging society, the exclusion of older workers from the labour market will burden the pension system, rendering it unsustainable.

The implementation of new technologies provides economic prosperity and increased productivity. However, it can affect negatively transport, energy and climate change if it is not balanced with an increase in resource productivity. Only well-targeted research and development expenditure can provide new production and consumption patterns, enabling reasonable use of natural resources and reduced generation of waste, air and water pollution.

Decoupling of economic growth from environmental degradation, by using environmentally friendly technologies and innovations is one of the key challenges of sustainable development.

The tables for each chapter can be seen in the Appendix.

Стапка на пораст на реалниот бруто-домашен производ, по жител

Growth rate of real Gross domestic product, per capita

Дефиниција: Бруто-домашниот производ, како мерка за економската активност, е дефиниран како разлика меѓу вредноста на произведените стоки и услуги и употребените производи и услуги за нивно создавање. Стапката на реален пораст на БДП по жител е пресметана од вредностите изразени по постојани цени (1995) со цел да се прикажат само волуменските движења, односно да се елиминира влијанието на инфлацијата врз стапката на пораст. Индикаторот овозможува споредба на економскиот развој во рамките на определен временски период, како и помеѓу економиите со различни големини.

Definition: Gross domestic product (GDP) as economic activity measure is defined as a value of all goods and services produced less the value of any goods or services used in their creation. The annual growth rate of GDP per capita is calculated from figures at constant prices (1995) since these give volume movements only, i.e. price movements will not inflate the growth rate. The indicator allows comparisons of the dynamics of economic development both over time and between economies of different sizes.

1.1. Стапка на пораст на реален БДП по жител

1.1. Growth rate of real GDP per capita



Извор: Државен завод за статистика, Евростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

Економски развој
Economic development

■ Стапката на пораст на бруто-домашниот производ (БДП) претставува многу важен индикатор за развојот на националната економија. Високата стапка на пораст обезбедува можности за отворање на нови работни места, како и создавање на дополнителни економски ресурси кои ќе обезбедат задоволување на растечките потреби на општеството.

■ БДП по жител претставува индикатор кој се употребува како приближна мерка за богатството на граѓаните, но тој не ја мери нивната благосостојба од причина што не ги вклучува непазарните услуги неопходни за нејзино мерење. Од друга страна, порастот на БДП има негативно влијание врз благосостојбата и предизвикува загадување на околината и здравствени проблеми. За да се разреши оваа контрадикторност, неопходно е зголемување на продуктивноста и инвестирање во производствена технологија која нема да влијае негативно на животната средина.

■ Во периодот 1999-2000, Република Македонија бележи стабилни стапки на пораст на БДП по жител. Во 2001 година, БДП по жител забележа негативен раст. Во следниот период, стапката на БДП по жител растеше од 1.6% во 2002 година, до 5.8% во 2007 година, за разлика од состојбите во ЕУ 27 каде што најголем пораст на БДП по жител од 3.6% е забележан во 2000 година.

● The growth rate of GDP is a very important indicator for the development of the national economy. The high rate gives the possibility of creating new jobs and generating additional economic resources to meet the growing economic needs of the society.

● GDP per capita is an indicator, used for an approximate measure of citizens' wealth; however, it does not measure the well-being since it does not include non-market services, which are essential to its measuring. Nevertheless, the growth of GDP has a negative influence on the well-being, causing pollution of the environment and health problems. To solve this contradiction it is necessary to increase the productivity and to invest in new environment friendly production technology.

● For the period 1999-2000, the Republic of Macedonia has recorded stable growth rates of GDP per capita. GDP growth rate per capita for 2001 is negative. In the next period the GDP per capita rose from 1.6% in 2002 to 5.8% in 2007, compared with the EU 27 where the highest growth of GDP per capita of 3.6% was recorded in 2000.

Учество на инвестициите во основни средства во БДП
Share of investment in gross fixed capital formation in GDP

Дефиниција: Индикаторот е дефиниран како учество на инвестициите во основни средства (во јавниот и приватниот сектор) во БДП. Бруто-инвестициите во основни средства се состојат од вредноста на набавките на основни средства намалена за отуѓувањата на материјални или нематеријални основни средства, зголемена за додатоци на вредноста на непроизводствените средства. Стапката го прикажува делот од БДП употребен од страна на јавниот и приватниот сектор за инвестиции.

Definition: This indicator is defined as total gross fixed capital formation (GFCF) expressed as a percentage of GDP, for the public and private sectors. GFCF consists of resident producers acquisitions, less disposals of fixed assets plus certain additions to the value of nonproduced (usually natural) assets realized by productive activity. The ratio gives the share of GDP that is used by the public and private sector for investment.

1.2. Учество на инвестициите во основни средства во БДП, по сектори
1.2. Share of investment in gross fixed capital formation in GDP, by sector



Извор: Државен завод за статистика, Еуростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

Економски развој
Economic development

- Инвестициите во капитални добра и човечкиот капитал од страна на јавниот и на приватниот сектор го зајакнуваат развојниот капацитет на економијата и директно влијаат врз економскиот раст.

- Од перспектива на одржливиот развој, вложувањето во нови и поефикасни производствени процеси и технологии значи зголемување на енергетската ефикасност и употреба на ресурсите со што се обезбедува поголем степен на одвојување на економскиот раст од деградацијата на животната средина.

- Генерално, во текот на изминатиот период, вредноста на инвестициите е константна и достигнува до 20.2% учество во БДП во 2007.

- Во рамките на континуираниот пораст на вкупните инвестиции во периодот 2000-2007, учеството на приватните инвестиции во вкупниот БДП, како најголем дел од вкупните инвестиции, се зголемува од 11.5% во 2000 година, до 16.2% во 2007. Јавните инвестиции остануваат релативно стабилни во изминатиот период и учествуваат со 4.0% во вкупниот БДП во 2007.

- Investment in capital goods and human capital both by the public and the private sector strengthens the developing capacity of the economy, thus affecting directly the potential economic growth.

- From a sustainable development perspective, investments in new and more efficient production processes and technologies entail greater energy efficiency and better use of natural resources, enabling a more intensive decoupling of economic growth from environmental degradation.

- As a whole, over the last period, investment spending has remained roughly constant and reached 20.2% of GDP in 2007

- Following the continuous growth between 2000-2007, the share of business investment—which represents by far the largest part of total investment — has increased from 11.5% in 2000 to 16.2% of GDP in 2007. Public investment remained approximately stable during the last period and participates with 4.0% in GDP in 2007.

Дисперзија на регионалниот бруто-домашен производ, по жител

Dispersion of regional Gross domestic product per capita

Дефиниција: Дисперзијата на регионалниот бруто-домашен производ (НТЕС 3 ниво)[1], по жител, се дефинира како сума на апсолутните разлики помеѓу регионалните и националниот БДП по жител, пондерирана со учеството на регионалното во вкупното население, искажана како процент од националниот БДП по жител. Индикаторот е пресметан од податоците за БДП по региони, добиени врз основа на Европскиот систем на сметки (ЕСА 95).

Definition: The dispersion of regional GDP (at NUTS level 3)[1] per inhabitant is measured by the sum of the absolute differences between regional and national GDP per inhabitant, weighted with the share of population and expressed in percent of the national GDP per inhabitant. The indicator is calculated from regional GDP figures based on the European System of Accounts (ESA 95).

1.3.1. Дисперзија на регионалниот БДП, по жител

1.3.1. Dispersion of regional GDP, per capita



[1] Номенклатура на територијални единици за статистика

[1] The Nomenclature of Territorial Units for Statistics

[2] Податоци за 2000 и 2007 не се расположливи

[2] Data for 2000 and 2007 are not available

Извор: Државен завод за статистика, Еуростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

Економски развој
Economic development

1.3.2. Дисперзија на регионалниот бруто-домашен производ, 2006
1.3.2. Dispersion of regional Gross domestic product, 2006



Извор: Државен завод за статистика, Еуростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

■ Регионалниот БДП го мери степенот на економскиот развој на регионите. Намалувањето на регионалните нееднаквости води кон повисоко ниво на социјална и територијална кохезија.

■ Дисперзијата на регионалниот БДП е нула кога БДП по жител во сите региони на земјата е идентичен, а се зголемува кога се зголемува разликата помеѓу БДП по жител на регионите и просечниот БДП по жител на ниво на држава.

■ Дисперзијата на регионалниот БДП во Македонија, во изминатиот период, бележи благ пораст и во 2007 достигна 39.5%.

● Regional GDP measures the degree of economic development of regions. Decreasing of regional disparities is an important objective of the sustainable development strategy, which aims for a high level of social and territorial cohesion.

● The dispersion of regional GDP is zero when the GDP per inhabitant in all regions of a country is identical, and it rises if there is an increase in the distance between a region's GDP per inhabitant and the country mean.

● In Macedonia the dispersion of regional GDP increased slightly in the previous period and reached 39.5% in 2007

Стапка на продуктивноста на трудот, по одработен час

Growth rate of labour productivity, per hour worked

Дефиниција: Продуктивноста на трудот по одработен час се дефинира како реален аутпут (БДП по постојани цени) по единица вложен труд (вкупен број на фактички одработени часови). Мерењето на продуктивноста на трудот преку фактички одработени часови овозможува подобра слика за развојот на продуктивноста во една економија отколку преку бројот на вработени од причина што ги елиминира разликите што произлегуваат од структурата на работната сила (вработени со полно или со скратено работно време).

Definition: Labour productivity per hour worked is calculated as real output (GDP measured in constant prices or chain-linked prices of previous year) per unit of labour input (measured by the total number of hours worked). Measuring labour productivity per hour worked provides a better picture of productivity developments in the economy than labour productivity per person employed, as it eliminates differences in the full time/part time composition of the workforce.

1.4. Стапка на продуктивноста на трудот, по одработен час[1)]

1.4. Growth rate of labour productivity per hour worked[1)]



[1)]Проценет податок
[1)] Estimated data
Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Тенденциите во развојот на конкурентноста на националната економија се оценуваат преку продуктивноста на трудот по одработен час. Во изминатиот период, во националната економија е забележан пораст на продуктивноста на трудот.

■ Во 2007, соодносот помеѓу физичките промени на БДП и вложениот труд, споредeн со претходната година, покажува пораст на продуктивност на трудот по фактички одработен час од 6.0%.

● The tendencies in the development of the competitiveness of the national economy are estimated by labour productivity per hour worked. In the recent period, Macedonia expirienced labour productivity growth.

● In 2007 the proportion between physical change of GDP and changes in employment compared to the previous year shows an increase by 6.0% of national labour productivity per hour worked.

Учество на трошоците за истражување и развој во БДП

Share of Research and development expenditure in the GDP

Дефиниција: Индикаторот се дефинира како учество на трошоците за истражување и развој во вкупниот бруто-домашен производ.

Definition: The indicator is defined as the percentage share of Gross domestic expenditure on Research and Development (R&D) in Gross domestic product (GDP).

1.5. Учество на трошоците за истражување и развој во вкупниот БДП

1.5. Share of Research and development expenditure in the total GDP



Извор: Државен завод за статистика, Евростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

■ Вложувањето во истражувачки и развојни дејности е од суштествено значење за создавање на ефикасна економија, подобрување на производните технологии и поттикнување на економскиот раст.

■ Во периодот од 2000 година наваму, трошоците за истражување и развој бележат релативно ниско учество во вкупниот БДП. Во 2007 година трошоците за истражување и развој учествуваат со 0.16%, во вкупниот БДП.

● The investment in research and development activities has an essential role in creating an efficient economy, improving the production technologies and stimulating the economic growth.

● In the years from 2000 onwards, the share of gross domestic expenditure on R&D in the GDP is relatively low. The share of expenditures for R&D in GDP in 2007 amount 0.16%.

Енергетска интензивност на економијата

Energy intensity of the economy

Дефиниција: Енергетската интензивност на една економија претставува мерка за годишната потреба од енергија за производство на една единица на економски аутпут. Намалената енергетска интензивност значи помало количество на енергија потребно за производство на ист аутпут, што е поврзано со енергетската ефикасност. Индикаторот се пресметува како соодност меѓу бруто-потребната потрошувачка на енергија (изразена во килограми на масло еквивалент) и БДП (по постојани цени од 1995, во евра).

Definition: The energy intensity of the economy is a measure of the amount of energy needed to produce one unit of economic output. A reduction in energy intensity means that less energy is need to produce the same output and is thus related to energy efficiency. The indicator presented here is calculated as the ratio of gross inland energy consumption (in kilos of oil equivalent) to GDP (in constant 1995 euro).

1.6.1. Енергетска интензивност на економијата

1.6.1. Energy intensity of the economy



Извор: Државен завод за статистика, Евростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

1.6.2. Енергетска интензивност на економијата, вкупно потребна енергија и БДП по постојани цени

1.6.2. Energy intensity of the economy, gross inland consumption and GDP at constant price



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Компаративната анализа на потрошувачката на енергија во однос на БДП, т.н. индикатор за енергетска интензивност, покажува дека Република Македонија спаѓа во групата на земји со релативно висока потрошувачка на енергија од 641кг маслени еквиваленти, наспроти просекот на ЕУ 27 од 169 кг.

■ Високата енергетска потрошувачка се должи на високата енергоинтензивност на капацитетите-носители на економскиот раст. Речиси една третина од потрошувачката на електрична енергија се должи на високоенергетско-интензивните индустрии. Од друга страна, политиката на релативно ниска цена на електричната енергија придонесе значително количество на електрична енергија да се користи за греење.

● The comparative analysis of energy consumption relative to GDP, so-called indicator of energy intensity, has shown that the Republic of Macedonia belongs to the group of countries with relatively high energy consumption of 641 kgoe in comparison to the EU 27 average of 169 kgoe.

● The high energy consumption is a result of the high energy intensity of capacities that lead the economic growth. Almost one third of the electricity consumption belongs to high energy intensive industries. On the other hand, the policy of relatively low electricity price led to significant quantities of electricity to be used for heating.

Вработеност
Employment

Вкупна стапка на вработеност

Total employment rate

Дефиниција: Стапката на вработеност претставува учество на бројот на вработените во работоспособното население од 15-64 години.Индикаторот е пресметан врз основа на Анкетата за работната сила. Вработеното население се состои од оние лица кои во референтната недела работеле за плата или профит најмалку еден час или не работеле, а имале работа од која привремено биле отсутни. Вкупната вработеност по пол е дефинирана како учество на вработените мажи, односно жени, на возраст од 15 до 64 години, во вкупното работоспособно население од истата возрасна група и пол.

Definition: The employment rate is calculated by dividing the number of persons aged 15 to 64 in employment by the total population of the same age group. The indicator is based on the Labour Force Survey. Employed population consists of those persons who during the reference week did any work for pay or profit for at least one hour, or were not working but had jobs from which they were temporarily absent. The total employment rate is defined as the share of men and women, respectively, aged 15 to 64, in employment in the total population of the same age group and gender.

1.7.1. Стапка на вработеност на лица на возраст од 15 до 64 години

1.7.1. Total employment rate of persons aged 15-64



Извор: Државен завод за статистика, Еуростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

■ Стапката на вработеност е основен индикатор за економскиот развој и социјалната состојба во земјата.

■ Во 2008 година продолжува трендот на пораст на вработеноста, забележан во последните години.

■ Стапката на вработеност (15-64 години) се зголемува и во 2008 изнесува 41.9% во споредба со 36.8% во 2004. Податоците покажуваат дека мажите полесно доаѓаат до работа, односно во 2008 година 50.7% од мажите се вработени, за разлика од жените кај кои вработеноста изнесува 32.9%.

● The total employment rate is a basic indicator of the economic development and social conditions in a country.

● In 2008 the increase of employment, which has been observed over the last years, continues.

● The employment rate (15-64 years) increased to 41.9% in 2008 against 36.8% in 2004. Data show that men have better access to the labour market as the 2008 employment rate for males is 50.7% and 32.9% for females.

1.7.2. Стапка на вработеност на лица на возраст од 15-64 години, по пол

1.7.2.Total employment rate of persons aged 15-64, by gender



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

Стапка на вработеност според највисокото стекнато ниво на образование

Employment rate, by highest level of education attained

Дефиниција: Индикаторот е пресметан како соодност на бројот на вработени лица на возраст од 25 до 64 години со соодветно ниво на образование и вкупното работоспособно население кое припаѓа на истата целна група. Нивото е дефинирано во согласност со Меѓународната класификација на образованието (ISCED, 1997) и тоа: предучилишно и основно образование - ниво 0-2, средно ниво на образование - ниво 3 и 4 и терцијарно образование - ниво 5 и 6. Во пресметката, како извор на податоци се користи Анкетата за работната сила.

Definition: The indicator is calculated by dividing the number of employed people within age group 25-64 years having attained a specific level of education, by the total population of the same age group. Level is coded according to the International Standard Classification of Education (ISCED, 1997): Pre-primary, primary and lower secondary education: levels 0-2. Upper secondary and post-secondary non-tertiary education: levels 3-4. Tertiary education: levels 5-6. The indicator is based on the Labour Force Survey.

1.8. Стапка на вработеност според нивото на образование

1.8. Employment rate, by highest level of education attained



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Квалитетнатата и квалификувана вработеност во голема мерка придонесува за зголемување на продуктивноста на трудот и економскиот развој.

■ Во Република Македонија, највисока е стапката на вработеност на лицата со терцијарно образование која во 2008 година изнесуваше 73.1%.

■ Стапката на вработени со средно образование кое се смета за минимум ниво неопходно за успешно вклучување во општествените текови, изнесува 58.3%.

■ Најниска е стапката на вработеност на лицата кои имаат завршено најмногу основно образование, 32.2%.

● Quality and qualified employment contributes greatly to achieving higher labour productivity and economic growth.

● The highest employment rate in the Republic of Macedonia is among persons who have attained tertiary education, reaching 73.1% in 2008.

● The employment rate of persons with secondary education, which is considered as the minimum level required for successful integration in social activities, is 58.3%.

● The lowest employment rate, at 32.2%, is among persons with no or at most primary education.

Вработеност
Employment

Стапка на невработеност

Unemployment rate

Дефиниција: Вкупната стапка на невработеност претставува учество на невработените лица на возраст од 15 до 74 години во вкупната работна сила. Работната сила ја сочинуваат вкупниот број вработени и невработени лица. Индикаторот е претставен како вкупна стапка на невработеност, по пол и по возрасни групи, според бројот на невработени лица во однос на вкупната работна сила од истата целна група.

Definition: Total unemployment rate represents the share of unemployed persons aged 15 to 74 as a percentage of the labour force. The labour force is the total number of people employed and unemployed. The indicator is illustrated as total unemployment rate, by age group and gender, as a share of unemployed in the total population of the same age group and gender.

1.9.1. Стапка на невработеност на лица на возраст од 15 до 74 години

1.9.1. Unemployment rate of persons aged 15-74



Извор: Државен завод за статистика, Еуростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

1.9.2. Стапка на невработеност, по пол
1.9.2. Unemployment rate, by gender



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

1.9.3. Стапка на невработеност, по возрасни групи
1.9.3. Unemployment rate, by age group



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

Вработеност
Employment

- Невработеноста која кулминираше во 2005 започна благо, но континуирано да опаѓа и во 2008 година се намали за 3.5% во однос на 2005 година.

- Главно младите и постарите работници, жените и нискокфалификуваните лица, се оние што се погодени од невработеност.

- Стапката на невработеност на лицата на возраст од 15 до 24 години значително се влоши од 56.1% во 2001 на 65.7% во 2003 година, но потоа започна да се намалува и во 2008 година изнесуваше 56.4%.

- Стапката на невработеност на жените, исто така, бележи тренд на намалување - од 38.4% во 2005 на 34.2% во 2008 година.

- Unemployment peaked in 2005 and then started to decline slightly but continuously, and in 2008 it dropped by 3.5% in comparison to 2005.

- It is mainly young and older workers, women and low-skilled people that suffer most from joblessness.

- The unemployment rate of young workers (aged 15 to 24), which deteriorated from 56.1% in 2001 to 65.7% in 2003, has since improved to reach 56.4 % in 2008.

- The unemployment rate of women also decreased significantly, from 38.4% in 2005 to 34.2% in 2008.

2 Одржлив модел на потрошувачка и производство

Sustainable consumption and production

Стратешка цел:

„...Промоција на одржлив модел на потрошувачка и производство...”

Strategy objective:

“...To promote sustainable consumption and production patterns...”

Вовед

Економскиот раст, зголемената потрошувачка и нерационалното користење на природните ресурси негативно се одразуваат на животната средина. Респектирајќи ја лимитираноста на ресурсите, потребата од постепена промена на постоечкиот неодржлив модел на производство и потрошувачка се наметнува како еден од клучните предизвици на одржливиот развој.

Зголемената побарувачка за производи и услуги, предизвикана од економскиот раст и подобрениот животен стандард без промени во моделот на потрошувачките навики, генерира зголемена употреба на природните ресурси и големи количини на отпад. Побарувачката за транспорт и инфрастуктурата наменета за превоз и депонирање на материјали и отпад, ја загрозува животната средина. Високата енергоинтензивност придонесува за емисија на штетни материи во воздухот. Единствено употребата на рециклирани материјали, разумното користење и зголемената ефикасност на ресурсите ќе обезбеди високо ниво на заштита и подобрување на квалитетот на животната средина. Вложувањето во технолошки развој, истражување и иновации ќе придонесе за создавање на поконкурентна и еколошки ефикасна економија.

Потрошувачите, преку избор на модел на исхрана, транспорт или домување, може да го насочуваат производствениот модел и директно да влијаат врз животната средина. Побарувачката на органски производи стимулира развој на органско земјоделство. Еколошки ориентираното земјоделство има поволно влијание на биодиверзитетот, заштитените подрачја, водените ресурси и климатските промени. Од друга страна, рационалното користење на електричната енергија, намалената стапка на моторизираност и подобрувањето на јавниот превоз имаат голема улога во редуцирањето на емисијата на стаклени гасови.

Создавањето на одржлив модел на производство и потрошувачка кој ќе ја прекине врската помеѓу економскиот раст и деградацијата на околината бара подеднакво вклучување на граѓаните, деловните субјекти и социјалните партнери кои треба да бидат свесни за влијанието на сопствениот избор на производство или модел на потрошувачка.

Табелите за секое поглавје можат да се видат во Додатокот.

Introduction

Economic growth, increased consumption and unreasonable use of natural resources have a negative effect on the environment. Respecting the limited resources, the need for a gradual change of the current unsustainable patterns of consumption and production imposed as one of the key challenges of sustainable development.

The increased demand for products and services, due to economic growth and improved standards of living without changes in consumption models, generates an increased use of natural resourcesand large amounts of waste. The demand for transport and for infrastructure aimed at transporting and disposing of waste materials endangers the environment. High energy intensity contributes to the emission of harmful substances in the atmosphere. The usage of recycled materials and reasonable use and increased efficiency of resources are the only way to provide high level of protection and to improve the quality of the environment. Investment in technological development, research and innovation will contribute to a more competitive and eco-efficient economy.

Consumers, by choosing a preferred mode of food consumption, transport or housing, can guide the production model and directly influence the environment. Demand for organic products drives forward the development of organic agriculture. Environment-oriented agriculture has a favorable effect on biodiversity, landscape conservation, water resources, and climate change. Nevertheless, reasonable consumption of electricity, decreased motorization rate as well as improved public transport have an important role in reducing greenhouse gases emissions.

The shift to a sustainable production and consumption pattern that would break the link between economic growth and environmental degradation requires equal involvement of citizens, businesses and social partners to make them aware of their responsibilities for the impacts of their production or consumption choices.

The tables for each chapter can be seen in the Appendix.

Комунален отпад

Municipal waste

Дефиниција: Индикаторот ја претставува количината на создадениот комунален отпад собран од и за сметка на комуналните претпријатија и одложен преку системот за управување со отпадот. Создадениот отпад го опфаќа отпадот од домаќинствата, комерцијалните и трговските дејности, деловните згради, јавните институции, малите бизниси, отпадот од дворовите и градините, содржината на контејнерите за отпад, уличниот смет и сметот од пазарите. За областите кои не се опфатени со системот за комунален отпад, количините се проценети.

Definition: This indicator presents the amount of municipal waste generated and collected by or on behalf of municipal authorities and disposed of through the waste management system. It consists of waste generated by households, commercial and trade industries, office buildings, and public institutions, small businesses, waste from gardens, street waste, content of containers and the waste from market cleaning. For areas not covered by a municipal waste scheme an estimation has been made of the amount of waste generated.

2.1. Комунален отпад по жител, 2008

2.1. Municipal waste, per capita, 2008



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

- Најголем дел од комуналниот отпад во Република Македонија е создаден од домаќинствата во областите кои се покриени со системот за управување со комунален отпад.

- Вкупната количина на создаден отпад по жител во 2008 година се проценува на 349 кг, односно 0.9 кг на ден. Количеството на собран отпад од страна на комуналните претпријатија изнесува 260 кг по жител и целокупната количина на собран отпад се одлага на депонија.

- The largest part of municipal waste in the Republic of Macedonia in 2008 is generated by households in areas covered with the system of municipal waste management.

- The total quantity of generated municipal waste per capita in 2008 is estimated at 349 kg or 0.9 kg per day. The quantity of waste collected by communal enterprises amounts to 260 kg per capita and is all disposed off in landfills.

Вкупна емисија на супстанции што предизвикуваат киселост, по сектори

Emissions of acidifying substances, by source sector

Дефиниција: Индикаторот ги следи трендовите на емисијата од антропогени извори на супстанции кои предизвикуваат киселост (сулфур диоксид, азотни оксиди и амонијак), по сектори. Одделните супстанции се агрегирани според моќта на закиселување и се изразени во еквиваленти на закиселување.

Definition: This indicator tracks trends in anthropogenic atmospheric emissions of acidifying substances (sulphur dioxide, nitrogen oxides and ammonia) by source sector. Acidifying substance emissions are combined in terms of their acidifying effects, and expressed in acid equivalents.

2.2. Вкупна емисија на супстанции што предизвикуваат киселост, по сектори

2.2. Emissions of acidifying substances, by source sector



Извор: Министерство за животна средина и просторно планирање
Source: Ministry of Environment and Physical Planning

■ Емисијата на кисели супстанции во воздухот е причина за нарушување на човековото здравје и на екосистемите, особено на земјата, шумите и водата.

■ Вкупната емисија на супстанциите што предизвикуваат киселост бележи постојан тренд и во 2008 година изнесува 4.5 килотони киселински еквиваленти на загадување. Секторот Енергетска индустрија, со над 70%, има најголемо учеството во вкупната емисија на закиселувачи. Повременото намалување на емисијата на закиселувачи може да се објасни со намалувањето на индустриските процеси во земјата.

■ Оттука, сосема е јасно дека без примена на конкретни мерки и активности, невозможно е континуирано намалување на трендот на емисија на материи кои го закиселуваат воздухот.

● Airborne acidifying substances can cause damage to human health and ecosystems, in particular to soil, forests and water basins.

● Emissions of acidifying substances have a constant trend, and in 2008 4.5 thousand tons of acid equivalents were transpired. The energy industry, with over 70%, has the largest share in the total emission of acidifying substances. The occasional decrease of emission of acidifying substances could be explained with the decrease in industrial processes in the country.

● Hence, it is clear that without concrete measures and actions it is impossible to achieve permanent decrease in emission trends of acidifying substances.

Емисија на озонски прекурсори, по сектори

Emissions of ozone precursors, by source sector

Дефиниција: Индикаторот ги следи трендовите на емисијата на озонски прекурсори (азотни оксиди, јаглерод-моноксиди, метан и неметански испарливи органски соединенија) предизвикана од антропогени активности, по сектори. Озонските прекурсори се комбинирани според потенцијалот за формирање на тропосферски озон и се изразени во NMVOC[1)] еквиваленти.

Definition: This indicator tracks trends in anthropogenic atmospheric emissions of ozone precursors (nitrogen oxides, carbon monoxide, methane and non-methane volatile organic compounds), by source sector. Ozone precursor emissions are combined in terms of their tropospheric ozone-forming potential, and expressed in NMVOC[1)] equivalents.

2.3. Емисија на озонски прекурсори, по сектори

2.3. Emissions of ozone precursors, by source sector



Извор: Министерство за животна средина и просторно планирање
Source: Ministry of Environment and Physical Planning

[1)] *Неметански испарливи органски соединенија*
[1)] *NMVOC -non-methane volatile organic compounds*

■ Емисијата на озонските прекурсори штетно влијае врз човековото здравје напаѓајќи го респираторниот систем, посевите и шумите, ги намалува приносите и влијае на климатските промени.

■ Во периодот 2002-2006 се забележува главно пораст на емисијата на озонски прекурсори достигнувајќи до 88.3 килотони NMVOC еквиваленти во 2006 година, по што следува тренд на намалување. Анализата покажува дека главни извори на емисија на озонски прекурсори се секторите Енергија, Сообраќај и Индустрија.

■ Најголем придонес во вкупната емисија на озонски прекурсори има секторот Сообраќај и покрај тоа што неговата емисија се намали од 39.6 во 2006 на 19.3 килотони NMVOC еквиваленти во 2008 година, како резултат на примената на каталитички конвертори и употребата на дизелот. Најголемо намалување во емисијата на озонски прекурсори е забележано во секторот Индустрија и градежништво. Секторот Енергија, исто така, бележи намалување од 18.8 во 2007 на 15.0 килотони NMVOC еквиваленти во 2008 година.

● The emission of ozone precursors is harmful to human health, affecting the respiratory system, and to crops and forests. decreasing crop yields and contributing to climate change.

● In the 2002-2006 period, mainly an increase is registered in ozon precursor emmision, reaching 88.3 ktonnes NMVOC in 2006, followed by a decreasing trend. Analysis shows that the main sources of ozon precursors are the energy, transport and industrial processes sectors.

● The highest contribution to total emissions comes from the transport sector, even though its emission was brought down from 39.6 in 2006 to 19.3 ktonnes in 2008, thanks to the more widespread use of catalytic converters and greater penetration of diesel. The biggest decrease in emmision of ozon precursors comes from industrial proccesses and construction. Energy industries also register a decrease from 18.8 to 15.0 ktonnes ozone-forming potential in 2008.

Потрошувачка на електрична енергија во секторот Домаќинства
Electricity consumption, by households

Дефиниција: Индикаторот ја дефинира количината на електрична енергија потрошена од страна на домаќинствата. Потрошувачката на домаќинствата ја покрива употребената енергија за загревање на просторот и водата, како и за сите електрични апарати.

Definition: The indicator is defined as the quantity of electricity consumed by households. Household consumption covers all use of electricity for space and water heating and all electrical appliances.

2.4. Потрошувачка на електрична енергија во домаќинствата
2.4. Electricity consumption by households



Извор: Државен завод за статистика,
Source: State Statistical Office

Модел на потрошувачка
Consumption patterns

- Во текот на изминатиот период е забележано редовно и релативно високо зголемување на потрошувачката на енергија во секторот Домаќинства.

- Во периодот 2000-2007 година, потрошувачката е зголемена во просек за 2.0%. Овој нагорен тренд е глобална карактеристика и може да се припише на неколку фактори, вклучувајќи го изменетиот начин на живеење кој бара повеќе комфор и опрема за домаќинствата, како и поради зголемениот број на домаќинства за кои се потребни соодветни електрични производи.

- Ефектот од подобрувањето на еко-ефикасноста на одредени електрични производи е намален поради зголемениот број на производи во употреба. Дополнителен фактор претставува и долгорочниот третман на цената на електричната енергија како социјална категорија што доведе до употреба на струјата за греење.

- A relatively strong and regular increase in household electricity consumption can be observed over the last years.

- Consumption grew 2.0% on average between 2000 and 2007. This upward trend is worldwide and is ascribable to several factors, including changed lifestyles demanding greater comfort and more home equipment, and an increasing number of households and corresponding needs for electrical appliances. The effect of the improvements in the eco-efficiency of many electrical goods have been offset by their growth in number.

- Of concern is also the long-standing treatment of the price of electricity as a social category, resulting in the use of electricity for heating purposes.

Финална енергетска потрошувачка по сектори

Final energy consumption, by sector

Дефиниција: Финалната енергетска потрошувачка ја претставува вкупната количина на енергија доставена до крајните потрошувачи за сите видови енергетски потреби во индустријата, транспортот, домаќинствата, услугите, земјоделството итн.

Definition: Final energy consumption represents the energy supplied to the final consumer for all energy uses. It is the sum of final energy consumption in industry, transport, households, services, agriculture, etc.

2.5. Финална енергетска потрошувачка по сектори

2.5. Final energy consumption, by sector



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

Модел на потрошувачка
Consumption patterns

- Потрошувачката на енергија предизвикува емисија на стаклененички гасови и други штетни материи, ги осиромашува лимитираните земјини резерви на фосилни горива и ја зголемува зависноста на домашната економија од увоз на енергија. Наспроти глобалното зголемување на енергетската ефикасност во изминатите години, финалната енергетска потрошувачка продолжува да расте.

- Финалната енергетска потрошувачка во периодот 2000-2007 е зголемена во просек за 2.0%. Секторот Индустрија вообичаено има најголема потрошувачка на енергија со просечен годишен пораст од 3.4% (2000-2007) од причина што тој е тесно поврзан со динамиката на индустриското производство. Во 2007 година, учеството на овој сектор во вкупната енергетска потрошувачка изнесуваше 37.1%.

- Потрошувачката на домаќинствата е редовно висока и учествува со околу 26.6% во вкупната енергетска потрошувачка, потикната од промените во моделот на потрошувачка, климатските промени, како и релативно ниската цена на енергијата.

- Значајниот пораст на побарувачката во секторот Транспорт, како резултат на економскиот раст и зголемената мобилност, е причина овој сектор да учествува со значителни 22.3% во вкупната енергетска потрошувачка.

- Земјоделството и натаму останува мал потрошувач на енергија со учество од околу 1.3% од финалната енергетска потрошувачка во 2007 година.

- The consumption of energy leads to emissions of greenhouse gases and other harmful substances, depletes the earth's limited stock of fossil fuels and increases the dependence of the economy on external sources. Despite global increases in energy efficiency over the past years, final energy consumption has continued to grow.

- Between 2000-2007 the final energy consumption has grown by 2.0% on average. The industry sector has usually been the highest energy-consuming sector with average increase by 3.4% (2000-2007) since the consumption correlates closely with the dynamics of industrial production. The share of the industry sector in final energy consumption is 37.1% in 2007.

- Household consumption has traditionally been high and participates with about 26.6% in the total energy consumption due to the changed pattern of consumption, climate changes, and the relatively low price of the energy.

- The significant growth in the demand for transport, reflecting economic growth and increased mobility, is responsible for the participation of the transport sector with significant 22.3% in the total energy consumption.

- Agriculture has remained a small consumer of energy with only 1.3% of final energy consumption in 2007.

Стапка на моторизираност

Motorisation rate

Дефиниција: Индикаторот се дефинира како број на патнички возила на 1 000 жители. За патничко возило се смета моторно возило наменето за пренос на најмногу 9 патници, (вклучувајќи го и возачот).

Definition: This indicator is defined as the number of passenger cars per 1 000 inhabitants. A passenger car is a road motor vehicle, other than a motorcycle, intended for the carriage of passengers and designed to seat no more than nine persons (including the driver);

2.6. Стапка на моторизација

2.6. Motorisation rate



[1)] *Податоци за 2007 и 2008 не се расположливи*
[1)] *Data for 2007 and 2008 are not available*

Извор: Државен завод за статистика, Еуростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

Модел на потрошувачка
Consumption patterns

■ Однесувањето на учесниците во сообраќајот има големо влијание врз одржливиот развој, особено од аспект на зголемената зависност од користење на патнички возила. Патничките возила обезбедуваат флексибилност во пристапот до работното место и неопходните услуги, социјални настани, туристички патувања и одмори. Од друга страна, возилата произведуваат загадување, врева и отпад, трошат големи количини на енергија и се причина за сообраќајни несреќи кои имаат влијание врз човековото здравје.

■ Трендот на зголемување на бројот на патнички возила кој започна во 2001 година беше сопрен поради зголемувањето на бројот на нерегистрирани, главно постари возила. Бројот на прворегистрирани возила континуирано растеше истовремено со бројот на нерегистрираните возила. Доследната примена на Законот за безбедност во сообраќајот од 2007 година кој предвидува казни за нерегистрираните возила, повторно доведе до пораст на стапката на моторизација, која во 2008 година изнесува 129 патнички возила на 1 000 жители.

● The travel behavior of consumers has a great influence on many aspects of sustainable development, especially with regard to the increasing dependence on the passenger car. Passenger cars provide great flexibility of access to employment and essential services, social activities or tourism and holidays. However, vehicles also produce pollution, noise and waste, consume large quantities of energy, and are responsible for accidents that affect human health.

● The upward trend in the number of vehicles that begun in 2001 was decelerated by the increase in the number of non-registered and mainly old vehicles. The number of first-time registered vehicles rose constantly, along with the number of non-registered vehicles. However, the consistent implementation of the Law on Road Transport Safety adopted in 2007, and which stipulates penalties for non-registered vehicles, resulted in yet another increase in the rate of motorisation which in 2008 amount to 129 cars per 1 000 persons.

Површина под органско земјоделство

Area under organic farming

Дефиниција: Индикаторот се дефинира како дел од вкупната користена земјоделска површина (КЗП) под органско земјоделство (постоечките области со органски фарми и областите во процес на конверзија). Органското земјоделство е метод на производство кој најголем акцент посветува на заштитата на животната средина, како и на состојбата на животните при одгледувањето на добитокот. Органскиот метод избегнува или во голема мера ја намалува употребата на синтетички хемиски производи како што се ѓубрива, пестициди, адитиви и медицински производи.

Definition: The indicator is defined as the share of total utilized agricultural area (UAA) occupied by organic farming (existing organically-farmed areas and areas in process of conversion). Organic farming is a method of production, which puts the highest emphasis on environmental protection and, with regard to livestock production, animal welfare considerations. It avoids or largely reduces the use of synthetic chemical inputs such as fertilisers, pesticides, additives and medical products.

2.7. Површина под органско земјоделство

2.7. Area under organic farming



Извор: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Source: Ministry of Agriculture, Forestry and Water Economy

Модел на производство
Production patterns

■ Зголемената свест на потрошувачите за здрава храна и грижата за околината придонесоа за пораст на побарувачката на органски производи во текот на изминатиот период. Промоцијата на производи од органско потекло кои задоволуваат одредени еколошки стандарди претставуваат предуслов за менување на постојниот и создавање на одржлив модел на потрошувачка и производство.

■ Учеството на површината под органско земјоделство изнесуваше 0.05% во 2005 година кога всушност и започнува органското земјоделско производство во согласност со законската регулатива. Во следниот период е забележано постепено зголемување на учеството и во 2008 година 0.20% од вкупната користена површина е под органско производство.

● Increased consumer awareness of food safety issues and environmental concerns have contributed to the growth in the demand for organic products over the last few years. The promotion of organic farming products that meet certain environmental criteria is the main precondition for changing the current and creating a new sustainable consumption and production model.

● The share of the area under organic farming amounted to 0.05% in 2005, when the organic agriculture was introduced in accordance with the legislation. The following period saw gradual increase in the share, and in 2008, 0.20% from the total utilized agriculture are under organic farming.

3 Социјална вклученост

Social inclusion

Стратешка цел:

„...Да се создаде социјално инклузивно општество водејќи сметка за солидарноста помеѓу и во рамките на генерациите и да се обезбеди зголемување на квалитетот на животот на граѓаните, како предуслов за трајна поединечна благосостојба...“

Strategy objective:

“...To create a socially inclusive society by taking into account solidarity between and within generations and to secure and increase the quality of life of citizens as a precondition for lasting individual well-being...”

Вовед

Социјалната вклученост како предизвик на одржливиот развој има за цел создавање на општество во кое ќе постои солидарност во и меѓу генерациите и ќе се обезбеди поголем квалитет на животот како предуслов за трајна благосостојба. Социјалната вклученост подразбра пристап до пазарот на трудот, системот на образование, здравство и социјална заштита.

Индикаторите во оваа тема се тесно поврзани. Пристапот на пазарот на трудот, особено за жените и за повозрасните е фактор на социјална инклузија. Долгорочната невработеност го зголемува ризикот од социјално исклучување.

Животот во домаќинства без вработени лица и зависноста од социјална помош го зголемуваат ризикот од меѓугенерациски трансфер на сиромаштијата. Домаќинствата без вработени лица, лицата без образование или оние кои рано го напуштиле процесот на образование, се ранливи групи најподложни на ризик од сиромаштија. Намалувањето на сиромаштијата, особено на детската, е основа за остварување на фундаменталните човекови права.

Социјалната инклузија и сирмаштијата се тесно поврзани со социоекономскиот развој. Слабата економија создава голема и долгорочна невработеност. Сиромаштијата ја оптоварува економијата. Од друга страна, зголемениот број на лица со ниско образование го намалува капацитетот на економијата да ги ангажира човечките ресурси за создавање на економска благосостојба и пораст на бруто-домашниот производ.

Социјалното исклучување е поврзано и со демографските промени. Постарите лица се подложни на ризик од сиромаштија, а порастот на социјалните трансфери наменети за нивна социјална кохезија негативно ќе се одрази на одржливоста на јавните финансии.

Сиромаштијата е тесно поврзана со одржливите модели на производство и потрошувачка. Луѓе со различно ниво на приходи имаат различни модели на потрошувачка кои, главно, негативно влијаат на околината. Се смета дека посиромашните луѓе се повеќе погодени од деградацијата на животната средина.

Табелите за секое поглавје можат да се видат во Додатокот.

Introduction

Social inclusion as a sustainable development challenge has an objective to create a socially inclusive society by taking into account solidarity between and within generations and to secure and increase the quality of life of citizens as a precondition for lasting individual well-being.

Social inclusion means access to the labour market, education, health and social care. Indicators in this theme are closely interrelated. Participation of women and older persons in the labour market is a factor of social inclusion.

Long-term unemployment rate increases the risk of social exclusion. Living in jobless households and social assistance dependency increase even more the risk of intergenerational transmission of poverty. Both jobless households and early school leavers are the most vulnerable groups liable to poverty risk. Poverty reduction, in particular child poverty, is a basis for achieving fundamental human rights.

Social inclusion and poverty are also closely related to soci-economic development, since a weak economy creates huge and long-term unemployment. Poverty burdens the economy, whereas the increased number of person with low educational attainment decreases the capability of the economy to engage its human resources in improving the economic welfare and in generating GDP growth.

Social exclusion is also related to demographic changes. An increase of social transfers aimed at social cohesion of older persons as a vulnerable group will reflect negatively on the sustainability of public funds.

Poverty is closely related to the sustainable consumption and production models. People from different income groups have different consumption behaviors, which in general have a negative impact on the environment. It is considered that poorer people are more affected by environmental degradation.

The tables for each chapter can be seen in the Appendix.

Стапка на релативна сиромаштија

Relative poverty rate

Дефиниција: Индикаторот е дефиниран како процент на лица кои живеат под линијата на сиромаштија, дефинирана како 70% од медијалниот еквивалентен трошок.

Definition: The indicator is defined as percent of the persons living below the poverty line set at 70% of the median equivalent expenditure.

3.1. Стапка на релативна сиромаштија

3.1. Relative poverty rate



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Од 2006 година, сиромаштијата, генерално, како и кај одредени категории, бележи одредено намалување, па така, во 2008 година стапката на сиромаштија во Република Македонија изнесуваше 28.7% што во споредба со 2007 година претставува намалување за 0.7 процентни поени.

■ Најранливи групи се повеќечлените домаќинства имајќи го предвид фактот дека во 2008 година 57.6% од сиромашните живеат во домаќинства со 5 и повеќе членови. Сиромаштијата е во директна релација и со проблемот на невработеноста. Стапката на сиромаштија кај невработените во 2008 година изнесуваше 38.4%, односно 43.0% од сите сиромашни се невработени лица. Исто така, и образованието на главата на домаќинството влијае на бројот на сиромашни лица. Имено, 56.6% од сиромашните лица во 2008 живееле во домаќинства во кои носителот на домаќинството нема или има завршено максимум основно образование.

● Since 2006, poverty in general, as well as in some categories, shows a certain decrease, and in 2008 the poverty rate in the Republic of Macedonia was 28.7%, which compared to 2007 is a decrease by 0.7 percentage points.

● Most vulnerable groups are multi-member households, bearing in mind the fact that 57.6% of the poor people live in households with 5 and more members. The poverty is in direct relation with the problem of unemployment. The poverty rate of the unemployed in 2008 was 38.4%, and 43.0% of all poor people are unemployed. The level of education of the heads of households also influences the number of poor people; namely, 56.6% of the poor people in 2008 lived in households where the head of the household has no education, or primary education at the most.

Индекс на длабочината на сиромаштијата

Poverty gap index

Дефиниција: Индексот на длабочината на сиромаштијата се дефинира како просечен пропорционален недостиг на расходи за целата популација (наместо на сите сиромашни лица).

Definition: This indicator represents the average proportionate expenditure shortfall over the total population (instead of all poor persons).

3.2. Индекс на длабочината на сиромаштијата

3.2. Poverty gap index



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Индексот на длабочината на сиромаштијата е мерка за интензитетот на сиромаштијата. Индексот покажува колку далеку под линијата на сиромаштијата се наоѓаат најсиромашните луѓе. Од аспект на одржливиот развој, колку помала длабочина, толку подобро. Паралелно со намалувањето на стапката на сиромаштијата во последниот период, длабочината на сиромаштијата се намали на 9,2%.

● Poverty gap index is a measure of the intensity of poverty. It describes how far below the poverty threshold the poorest people stand by comparing the median expenditure of the poor to the poverty threshold. From a sustainable development point of view, the smaller the gap, the better. Along with the decrease in poverty rate in the recent period, the poverty gap decresed to 9.2%.

Пристап до пазарот на труд
Access to labour market

Лица кои живеат во семејства без вработени, по возрасни групи

People living in jobless households, by age group

Дефиниција: Индикаторот се дефинира како учество на лица, по возрасни гупи, кои живеат во домаќинства во кои нема вработени лица. Индикаторот е пресметан врз основа на податоците од Анкетата за работната сила.

Definition: The indicator is calculated as the share of persons, by age group, who are living in households where no one works. The indicator is based on the Labour Force Survey.

3.3. Лица кои живеат во семејства без вработени, по возрасни групи

3.3. People living in jobless households, by age group



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Лицата кои живеат во домаќинства во кои нема вработени лица се изложени на зголемен ризик од сиромаштија, неможност за вклучување во општествените услуги (здравство, образование, правда, култура) и негативно влијаат на целото општество.

■ Учеството на децата и возрасните што живеат во домаќинства без вработени лица во Македонија се карактеризира со значајно намалување во периодот 2005-2007. Учеството на децата (0-17години) кои живеат во домаќинства без вработени се намалува од 30.8 на 23.4%, а кај возрасните (18-59 години) од 25.0 на 18.7%.

● Persons living in households where no one works are exposed to an increased risk of poverty, inaccessibility to social services (health, education, justice, culture), and have a negative impact on the whole society.

● The changes in the share of children and adults living in jobless households in Macedonia are characterized by a remarkable decrease over the period 2005-2008. The share of children (aged 0-17) living in jobless households decreased from 30.8 to 23.4% and the share of adults (aged 18-59) decreased from 25.0% to 18.7%.

Долгорочна невработеност

Total long-term unemployment rate

Дефиниција: Стапката на долгорочна невработеност го прикажува учеството на лицата кои биле невработени 12 месеци и повеќе во однос на вкупниот број на активни лица на пазарот на трудот. Активното население го сочинуваат вработените и невработените лица.

Definition: The 'long-term unemployment rate' is the share of unemployed persons for 12 months or more in the total number of active persons in the labour market. The total active population is the total number of the employed and unemployed population.

3.4. Вкупна стапка на долгорочна невработеност
3.4. Total long-term unemployment rate



[1)] *Податокот за 2005 не е расположлив*
[1)] *Data for 2005 is not available*

Извор: Државен завод за статистика, Еуростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

■ Трендовите во долгорочната невработеност се следат затоа што претставуваат ризик за целата економија и сиромаштијата. Долгорочната невработеност е клучен показател на социјалната исклученост.

■ Во изминатите години се забележува тренд на намалување на долгорочната стапка на невработеност. Во текот на 2008 година, стапката на долгорочна вработеност изнесуваше 28.7% што е значително над просекот на земјите на ЕУ.

● The trends in long-term unemployment are monitored because they pose a risk to the whole economy and poverty. Long-term unemployment in particular is a key indicator of social exclusion.

● Recent years have seen a downward trend in the long-term unemployment rate. In 2008 the long-term unemployment rate was 28.7%, which is far above the EU average.

Образование
Education

Лица кои рано го напуштаат образованието

Early school-leavers

Дефиниција: Индикаторот се дефинира како учество на лицата на возраст од 18 до 24 години кои немаат никакво или имаат најмногу основно образование, во однос на вкупната популација од истата возрасна група.

Definition: The indicator is defined as the percentage of the population aged 18-24 with no or with at most lower secondary education and not in further education or training.

3.5. Лица кои рано го напуштаат образованието
3.5. Early school-leavers



Извор: Државен завод за статистика, Евростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

■ Образованието и квалификувањето се од суштествено значење за интегрирање на населението во општеството, како во социјалната сфера, така и на пазарот на трудот. Унапредувањето на образовниот систем и вложувањето во човечкиот капитал се стратешки цели на државите и меѓународните институции. Образованието и обуката, од една страна, влијаат на зголемувањето на можностите за вработување и, од друга страна, за намалување на ризикот од сиромаштија.

■ Во 2008 година, во споредба со 2000 година, учеството на млади луѓе на возраст од 18 до 24 години кои воопшто не учествувале или го напуштиле образовниот систем, се намалува од 31.4% на 19.6%.

● Education and training are essential to the integration of the population in the society, both in the social sphere and in the labour market. The promotion of the educational system and investment in human capital are the strategic aims of the countries and international institutions.

● Education and training, on the one hand, increase employability, while, on the other, reduce the risk of poverty. In 2008, compared to 2000, the share of young people aged 18 to 24 who left the educational system or who did not participate in any education or training, decreased from 31.4% to 19.6%.

Лица со низок степен на образование, по возрасни групи
Persons with low educational attainment, by age group

Дефиниција: Индикаторот се дефинира како процент на лица на возраст од 25 до 64 години кои имаат низок степен на образование според Меѓународната стандардна класификација на образованието, ISCED ниво 2 или помалку (предучилишно, основно и ниско ниво на средно образование), во однос на вкупната популација во истата возрасна група.

Definition: The indicator is defined as the percentage of people aged 25 to 64 with low educational level ISCED (International Standard Classification of Education) of 2 or less (pre-primary, primary and lower secondary education.) in the total population of the same age group.

3.6. Лица со низок степен на образование, по возрасни групи
3.6. Persons with low educational attainment, by age group



Извор: Државен завод за статистика, Еуростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

■ Ниското ниво на образование претставува бариера за личен и професионален развој, но и причина повеќе за зголемување на диспаритетите и нееднаквоста помеѓу индивидуите или одредени групи. Пониско квалификуваните лица имаат мали шанси да имаат стабилно и добро платено вработување и пристап до социјално и здравстено осигурување. Високото учество на лица со низок степен оневозможува пристап до пазарот на трудот, резултира со неадекватни пензиски примања, неможност за вклучување на сопствените деца во процесот на образование и придонесува за меѓугенерациски трансфер на сиромаштијата

■ Учеството на лицата со низок степен на образование во Македонија изнесува 40.8% во 2008 година. Забележано е зголемување на учеството на лицата без или со низок степен на образование кај сите возрасни групи, а особено кај возрасната група 35-44 години и тоа за 2.8% во однос на претходната година.

● Low educational attainment is regarded as a barrier to both personal and professional development and is also a reason for increasing of the disparities and inequities between individuals or groups. The low qualified are less likely to be engaged in well paid and stable employment as well as access to social and health insurance. High share of persons with low educational attainment will not only prevent the access to the labour market but will also result in inadequate pensions, low capability for inclusion of children in education, and will contribute to the intra-generational transfer of poverty.

● The share of persons with low educational attainment in Macedonia was 40.8% in 2008. In 2008, compared with the previous year, there is an increase in the share of persons with low educational attainment in all age groups, especially in the age group 35-44 (2.8%).

Образование
Education

Доживотно учење

Lifelong learning

Дефиниција: Индикаторот е дефиниран како учество на лица на возраст од 25 до 64 години кои учествуваат во процесот на образование и обука, во вкупната популација од истата возрасна група.

Definition: The indicator is defined as the share of the adult population aged 25 to 64 participating in education and training, in the total population of the same age group.

3.7. Лица вклучени во процесот на доживотно учење

3.7. Lifelong learning



Извор: Државен завод за статистика, Еуростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

- Потребата од создавање на нов, одржлив модел на производство и потрошувачка ќе ги принуди вработените да развиваат и применуваат нови технологии. Доживотното учење ќе им овозможи на поединците зголемување на сопствените знаења, вештини и способности со што се придонесува за зајакнување на нивната позиција на пазарот на трудот.
- Стапката на возрасни лица кои се вклучени во процесот на доживотно учење е релативно ниска и во 2008 достигна 2.5%.

- The need for creating a new sustainable consumption and production model will force the employees to develop and implement new technologies. Lifelong learning will help individuals to update and complement their knowledge, competencies and skills, thus contributing positively to reinforce their position in the labour market.
- The rate of adult participation in education and training reached 2.5% in 2008.

Ниво на поседување на компјутерски вештини

Individuals' level of computer skills

Дефиниција: Нивото на поседување на компјутерски вештини се мери преку методот на самооценување, според кој лицето се изјаснува за способноста да врши одредени функции поврзани со употребата на компјутер, без тие да се проверуваат или тестираат.

Definition: The level of basic computer skills is measured using a self-assessment approach, where the respondent indicates whether he/she has carried out specific tasks related to computer use, without these skills being assessed, tested or actually observed.

3.8. Ниво на поседување на компјутерски вештини

3.8. Individuals' level of computer skills



Извор: Државен завод за статистика, Евростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

Трендот на подобрување на индивидуалното ниво на поседување компјутерски вештини е евидентен. Учеството на населението со средно ниво на компјутерски вештини се зголемува од 10.0% во 2006 на 14.0% во 2009, а на оние со високо ниво на компјутерски вештини на 8.0% во 2009 година. Но, сепак, овој тренд сѐ уште заостанува во споредба со ЕУ 27 каде што во 2009 година овој процент изнесува 25.0%.

The trend of improving the individuals' level of computer skill is evident. The share of the population with medium level of computer skills rose from 10.0% in 2006 to 14.0% in 2009. The share of individuals with high level of computer skills in 2009 amounted to 8.0%, but is still lagging behind in comparison to the 25.0% in EU 27 in 2009.

Ниво на поседување на интернет вештини

Individuals' level of Internet skills

Дефиниција: Нивото на основните интернет вештини се мери преку методот на самооценување, според кој лицето се изјаснува дали извршува одредени функции поврзани со употребата на интернет, без тие да се проверуваат или тестираат.

Definition: The level of internet skills is measured using a self-assessment approach, where the respondent indicates whether he/she has carried out specific tasks related to internet use, without these skills being assessed, tested or actually observed.

3.9. Ниво на поседување на интернет вештини

3.9. Individuals' level of Internet skills



Извор: Државен завод за статистика, Евростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

■ Ситуацијата во однос на нивото на поседување на интернет вештини е слична како и кај компјутерските вештини. Процентот на населението со средно ниво на интернет вештини се зголемува од 8,0% во 2006 до 13.7% во 2009 година. Учеството на населението со високо ниво на интернет вештини во 2009 изнесува 8.3% со што е достигнато нивото на ЕУ 27 од 2007 година.

● The situation of the individuals' level of internet skills is similar to that of computer skills. The share of the population with medium level of internet skills increased from 8.0% in 2006 to 13.7% in 2009. The share of the population having high level of internet skills in 2009 amounted to 8.3%, thus reaching the EU 27 level from 2007.

Контекстуален индикатор
Contextual indicator

Вкупна јавна потрошувачка за образованието, процент од БДП
Public expenditure on education - percent of GDP

Дефиниција: Индикаторот се дефинира како учество на вкупните јавни трошоци во областа на образованието, во бруто-домашниот производ.

Definition: This indicator is defined as total public expenditure on education, expressed as a percentage of GDP.

3.10. Јавна потрошувачка за образованието
3.10. Public expenditure on education



[1)] *Податоци за 2006 и 2007 не се расположливи*
[1)] *Data for 2006 and 2007 are not available*

Извор: Државен завод за статистика, Еуростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

Контекстуален индикатор
Contextual indicator

- Вложувањето во образованието претставува инвестиција во социјален капитал.

- Квалитетното образование и обука е основен предуслов за создавање на стручна, иновативна и конкуретна работна сила која ќе обезбеди адекватен пристап на пазарот на трудот. Квалитетната вработеност ќе го намали ризикот од сиромаштија и ќе придонесе за поголема социјална кохезија и благосостојба.

- Јавните расходи за образование во Република Македонија учествуваат со 3.2% во вкупниот БДП (2007 година). Најголемо учество на трошоците за образование во бруто-домашниот производ е забележано во 2003 година, 3.8%.

- Expenditure on education can be considered as investment in social capital.

- Quality education and training are a precondition for generating skilled, innovative and competitive labour force with access to the labour market. Quality employment will decrease the risk of poverty, thus contributing to greater social cohesion and welfare.

- Public expenditure on education in the Republic of Macedonia as percent of GDP was calculated at 3.2% of GDP in 2007. The largest share of expenditure on education in GDP, reaching 3.8%, was observed in 2003.

4 Демографски промени

Demographic changes

Стратешка цел:

„...Да се создаде социјално инклузивно општество водејќи сметка за солидарноста помеѓу и во рамките на генерациите и да се обезбеди зголемување на квалитетот на животот на граѓаните, како предуслов за трајна поединечна благосостојба...“

Strategy objective:

“...To create a socially inclusive society by taking into account solidarity between and within generations and to secure and increase the quality of life of citizens as a precondition for lasting individual well-being...”

Вовед

Промените во големината и возрасната структура на населението претставуваат голем предизвик за одржливиот развој во текот на следните декади.

Демографските фактори, особено стапката на фертилитет, се условени од економските фактори и од состојбата на пазарот на трудот.

Природниот прираст во текот на педесеттите години создаде популација која веќе го заокружува работниот век или ќе биде во таа фаза во следните дваесетина години. Балансот во возрасната структура се менува, популацијата старее. Се зголемува очекуваниот век на живот без тоа да биде следено од стапката на фертилитет, како предуслов за одржливост на нацијата. Фертилитетот под референтната стапка на подолг рок би довел до промена во рамнотежата помеѓу генерациите и до потреба за планирање на пензиските фондови, социјалната заштита, образованието и грижата за постарите лица. Спротивно, зголемениот фертилитет на долг рок овозможува зголемување на понудата на работна сила, забрзување на економскиот раст, но и зголемување на трошоците за социјални услуги како што се образованието и здравството.

Транзицијата доведе до исклучување на повозрасните вработени од пазарот на трудот и нивна замена со помлада работна сила. Се зголемува бројот на корисници на бенефиции во однос на оние кои ги создаваат. Економски неактивното население претставува голем товар за вработената популација, што во следната декада неминовно ќе ја доведе во прашање одржливоста на јавните финансии, пензиските фондови и системот за здравствено и социјално осигурување.

Миграциите во услови на слободно движење на работната сила можат да ја намалат понудата на квалиификувана работна сила со што ќе се ограничат можностите за развој. Од друга страна, миграциите може да стимулираат и позитивни промени преку трансфер на пари, идеи и инвестиции во земјата.

Големината на популацијата ја детерминира потрошувачката на енергија, прекумерното искористување на природните ресурси и влијае врз животната средина преку загадување на воздухот, земјата и водата и создава големи количини на отпад.

Табелите за секое поглавје можат да се видат во Додатокот.

Introduction

Changes in the size and age structure of the population present a big challenge for the sustainable development in the decades to come.

Demographic factors, and in particular the fertility rate, are affected by economic factors and by the labour market situation.

The natural increase of the population during the fifties created a population that is near retirement age, or will reach retirement age in the next twenty years. The balance of the age structure is changing and the population is aging. Life expectancy is increasing without being followed by the fertility rate, as a precondition for the sustainability of the nation.

A fertility rate below the referent one, in the long term, would lead to change in the balance between generations and would give rise to the need for planning of pension funds, social care, education and provision of care for the elderly. By contrast, an increased fertility rate in the long term leads to an increase in the supply of labour force and acceleration of economic growth, but also to greater expenditures on social services such as education and health.

The transition led to older workers being excluded from the labour market and replaced with a relatively young labour force. The number of beneficiaries, compared to that of benefactors, is increasing. The economically inactive population seems to be a huge burden on the employed population, which in the next decade will inevitably bring into question the sustainability of public finances, pension funds and the health and social security system.

Migrations, in times of free movement of the labour force, could decrease the supply of qualified labour force, thus limiting the development possibilities. on the other hand, migrations can stimulate positive changes trough transfer of money, ideas and investments in the country.

Finally, the population size determines the energy consumption and overexploitation of natural resources, influences the environment trough air, soil ant water basins pollution and creates huge quantities of waste.

The tables for each chapter can be seen in the Appendix.

Стапка на вработеност на лица на поголема возраст

Employment of older workers

Дефиниција: Индикаторот е дефиниран како вкупна стапка на вработеност на лица на возраст од 55 до 64 години и се пресметува како процент од истата возрасна група. Индикаторот е пресметан врз основа на податоците од Анкетата за работната сила.

Definition: The employment rate of older workers is calculated by dividing the number of persons aged 55 to 64 in employment by the total population of the same age group. The indicator is based on the Labour Force Survey.

4.1. Стапка на вработеност на лица на поголема возраст

4.1. Employment rate of older workers



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Стапката на вработеност на лицата на поголема возраст станува значајна во услови на промени на старосната структура на работната сила и пораст на стапката на зависност на постарите лица. Подолгиот работен век резултира со долгорочен придонес во пензискиот систем, а помал период на бенефит од него, што овозможува одржливост на пензискиот систем. Во периодот на транзиција, голем дел од повозрасната група на вработени се повлечени од пазарот на трудот, односно заменети со релативно млада работна сила.

■ Во 2008 година, само 31.7% од лицата на возраст од 55 до 64 години биле вработени. Сепак, мажите остануваат подолго на пазарот на трудот во однос на жените, па така, во 2008 година, 43.0% од нив биле вработени, за разлика од жените каде што тој процент изнесува 21.1%.

■ Во следните години предизвик ќе претставува постигнувањето стапка на вработеност на лицата на возраст од 55 до 64 години од 50% што е цел поставена од страна на ЕУ 27.

● Employment among older people is becoming more important with the ongoing changes in the age structure of the workforce and the increase of the old-age dependency ratio. Longer working lives result in more contribution years and fewer benefit years, thus contributing directly to the adequacy and sustainability of the pension system. In the transition period, many older workers have withdrawn from the labour market at a relatively young age and have been replaced with a younger labour force.

● In 2008, only 31.7% of persons aged 55-64 were employed. A breakdown by gender shows that males remain longer on the labour market in comparison with females. Thus, in 2008, 43.0% of males and 21.1% of female were employed.

● Raising the employment rate of older workers (55-64) to 50%, a target set by EU 27, represents a challenge for the coming years.

Очекувана должина на животот на 65 години, по пол
Life expectancy at age 65, by gender

Дефиниција: Индикаторот означува просечен број на години на живот кои би ги доживеале мажи или жени кои имаат наполнето 65 години, врз основа на влијанието што врз нивниот живот ќе го има моменталната стапка на морталитет (веројатност за смрт на одредена возраст).

Definition: The mean number of years still to be lived by a man or a woman who has reached the age 65, if subjected throughout the rest of his or her life to the current mortality conditions (age-specific probabilities of dying).

4.2. Очекувана должина на животот на 65 години, по пол
4.2. Life expectancy at age 65, by gender



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Индикаторот, генерално, укажува на промените во квалитетот на живеење, особено во однос на благосостојбата, домувањето и здравствената заштита. Зголемувањето на животниот век, само по себе е придобивка, но истовремено и предизвик да се обезбеди одржливост на јавните финансии, системот на здравствена заштита, како и грижата за постарите лица.

■ Во текот на изминатите години се забележува тренд на мало, но постојано зголемување на очекуваната должина на животот на наполнети 65 години.

■ Сепак, жените во 2007 година имале поголем очекуван век на живеење за 1.9 години во однос на мажите.

● The indicator in general reflects improvements in living conditions, especially in terms of wealth, housing and health care. Although an increased life expectancy is advantageous to the society it also challenges the sustainability of public finances, the health care system and the provision of care for the elderly.

● During the past years there has been a trend towards slight but permanent increase of life expectancy at age 65.

● However, women live longer and in 2007 they have a life expectancy 1.9 years longer than man.

Вкупна стапка на фертилитет

Total fertility rate

Дефиниција: Вкупната стапка на фертилитет го покажува веројатниот просечен број на живородени деца кои би ги родила една жена од референтната година во фертилниот период, под услов на исто влијание на специфичните стапки на фертилитет во истата година, без влијание на морталитетот.

Definition: The total fertility rate shows the average number of children that would be born alive to a woman during her lifetime if she were to pass through her childbearing years conforming to the age-specific fertility rates of a given year, without the influence of mortality.

4.3. Стапка на фертилитет

4.3. Total fertility rate



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

▪ Стапката на фертилитет од 2.1, помалку или повеќе, се смета за доволна за обезбедување на стабилна големина и возрасна структура на една популација. Периодичните поместувања се вообичаени, но фертилитет под референтната стапка на подолг рок би довел до промена во рамнотежата помеѓу генерациите и планирањето на потребите од пензиските фондови, социјалната заштита, образованието и грижата за постарите лица. Од друга страна, зголемениот фертилитет на долг рок овозможува зголемување на понудата на работна сила.

▪ Споредено со 1995 година кога стапката на фертилитет достигна 2.0 живородени деца на една жена, таа значително се намали на 1.5 во 2008 година што е еднакво на европското ниво, но што неминовно ќе доведе до стареење на популацијата.

▪ Ниската стапка на фертилитет се должи на одложувањето на процесот на репродукција за подоцнежните години, како и на намалениот просечен број на родени деца од страна на една жена.

● It is generally considered that at a level of 2.1, the total fertility rate would lead to a more-or-less stable population size and age distribution. Periodic fluctuations in this indicator are normal, but a fertility rate above or below the referent level would lead to a shift in the balance between generations and the need to plan for future demands for pension funds, social security, education and care for the elderly. On the other side, increased fertility rate in the long term will enable an increase in labour supply.

● In comparison to 1995, when the fertility rate reached 2.0 births per women, it decreased significantly to 1.5 in 2008, which is equal to the European level and which will inevitably lead to ageing of the population.

● The low fertility rate is the result of women postponing births to later ages, as well as the lower number of children born to each woman.

Салдо на надворешни миграции

Net migration

Дефиниција: Миграционото салдо претставува разлика помеѓу апсолутниот број на доселени и отселени лица.

Definition: Net migration is the difference between the number of immigrants and the number of emigrants.

4.4. Салдо на надворешни миграции

4.4. Total net international migration



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Миграционото салдо на надворешните миграции во Република Македонија (доселени-отселени државјани на РМ и странски државјани) во периодот 1997-2008 е позитивно, односно бројот на доселени е поголем од бројот на отселени лица.

● The net international migration (immigrated/emigrated citizens of the RM and foreign citizens) in the Republic of Macedonia is positive for the whole period from 1997 until 2008 (the number of immigrants was greater than the number of emigrants).

Стапка на старосна зависност

Old-age-dependency ratio

Дефиниција: Индикаторот претставува соднос меѓу вкупниот број на лица кои се на возраст кога главно се економски неактивни (65 и повеќе години) и бројот на лица на работоспособна возраст (од 15 до 64).

Definition: This indicator is defined as the ratio between the total number of elderly persons of an age when they are generally economically inactive (aged 65 and over) and the number of persons of working age (from 15 to 64).

4.5. Стапка на старосна зависност
4.5. Old-age-dependency ratio



Извор: Државен завод за статистика, Евростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

■ Стапката на зависност на возрасните лица треба да овозможи приближна претстава за потенцијалниот однос помеѓу бројот на пензионерите и работното население, односно меѓу корисниците на бенефиции и оние кои ги создаваат. Индикаторот го одразува потенцијалниот притисок врз јавните расходи што произлегува од стареењето на населението и промените што тоа ги предизвикува во областа на социјалната заштита и планирањето на пензиските фондови.

■ Во изминатиот период се забележува мал, но континуиран пораст на стапката на старосна зависност и во 2008 година таа изнесува 16.2 % што е под просекот на ЕУ 27 (25.3%).

■ Во согласност со возрасната структура на населението, произлегува дека на едно неактивно лице соодветствуваат шест активни лица.

● The old-age dependency ratio is an approximation of the ratio between the retired and working age populations, or between beneficiaries and contributors. As such, it reflects the potential pressure on public expenditure resulting from the ageing of the population and the changes it brings about in the field of social care and pension fund projections.

● In the past period, there has been a small but continuous increase of old-age dependency ratio, and in 2008 it was 16.2%, which is below the EU 27 level (25.3%).

● According to the age structure of the population, it follows that for one inactive correspond six active persons.

5 Јавно здравство

Public health

Стратешка цел:

„...Промоција на квалитетно јавно здравство, достапно под еднакви услови за сите и подобрување на превенцијата од ризици по здравјето...“

Strategy objective:

“...To promote good public health on equal conditions and improve protection against health threats...”

Вовед

Здравјето на населението како предуслов за квалитетен живот и благосостојба има фундаментално значење за одржливиот развој. Иако генетските фактори се значајни, начинот на живеење и влијанието на животната средина во голема мерка влијаат на здравјето. Физичката активност и здравата храна го подобруваат здравјето наспроти брзата храна, алкохолот и тутунот кои го зголемуваат ризикот од развој на хронични болести. Квалитетната здравствена заштита треба да овозможи еднаков пристап во заштитата од закани по здравјето на сите луѓето и зголемување на свеста за постоењето на причините и последиците од појавата и преносот на болестите.

Производите кои ги консумира населението содржат штетни материи како резултат на загаденоста на водата, воздухот и земјата. Емисијата на токсични елементи од индустријата и транспортот, како и пестицидите од земјоделството, се таложат во вегетацијата и преку синџирот на исхрана доаѓаат до човекот. Оттука, примената на стандарди во производството на храна, но и воопшто во индустриските процеси, ќе обезбеди подобрување на здравствената состојба на населението.

Добрата здравствената состојба и зголемениот век на очекуван и здрав живот придонесуваат за зголемена продуктивност. Население со здравствени проблеми создава голем финансиски товар врз јавното здравство и долгорочната здравствена заштита, отсуствува од работното место, а тоа ја намалува продуктивноста.

Здравствените проблеми ги погодуваат главно сиромашните кои вообичаено се со понизок степен на образование и пониско ниво на приходи. Сиромашните немаат еднакви можности за пристап до здравствените услуги ниту, пак, можности за практикување на здрав живот. Несоодветните условите за домување, неадекватното затоплување, загаденоста, влијаат врз здравјето. Егзистенцијалните проблеми и деградираниот систем на вредности може да предизвикаат нарушување на менталното здравје и зголемување на ризикот од самоубиство.

Климатските промени долгорочно претставуваат закана по здравјето. Озонската формација зависи од присуството на озонски прекурсори во воздухот, високата температура и сончевата светлина, а шумските пожари го зголемуваат нивото на тврди материи во воздухот.

Табелите за секое поглавје можат да се видат во Додатокот.

Introduction

The health of the population as a precondition for quality life and wellfare is fundamental to sustainable development. Although genetic factors are very significant, lifestyle and environmental factors greatly affect the health status. Right nutrition and physical activity improve the health, while fast-food, alcohol and tobacco increase the risk of chronic disease incidence.

Quality health care should provide equal access to protection from threats to the health of all people and increase the awareness of the existence of the causes and consequences of the emergence and transmission of diseases.

Products consumed by the population contain harmful substances due to the air, water and soil pollution. Toxic materials emitted by the industry sector and transport, and pesticides from agriculture, penetrate deep down into the vegetation, and through the food chain they are passed along to the population. Hence, standards implementation both in food production and industrial processes would ensure better health status of the population.

Improvements in health status, and increases in life expectancy and in healthy life years, lead to longer, more productive working lives. A population with health problems creates financial pressures on public health and long-term health care, and increases absence from work, all of which reduces productivity. Health problems affect mostly the poor who usually have lower levels of education and lower level of income. The poor don't have equal opportunities to access health services or opportunities to practice a healthy life. Inadequate housing conditions, inadequate warming and pollution have an impact on health. Existential problems and a degraded system of values can cause distortion of the mental health and increased risk of suicide.

Climate changes pose a long term threat to health. Ozone formation depends on the presence of ozone precursors in the air, high temperature and sunlight, and forest fires have increased the level of solid substances in the air.

The tables for each chapter can be seen in the Appendix.

Очекувана должина на животот при раѓање, по пол

Life expectancy at birth, by gender

Дефиниција: Очекуваниот век на живот е дефиниран како просечен број на години коишто на лицата на одредена возраст им остануваат да ги одживеат, врз основа на влијанието што врз нивниот живот ќе го има моменталната стапка на морталитет (веројатност за смрт на одредена возраст). Податоците се пресметуваат како просек од три години и се однесуваат на средната година во референтниот период.

Definition: Life expectancy at birth is defined as the mean number of years still to be lived by a person at birth, if subjected throughout the rest of his or her life to the current mortality conditions.Data are compiled as three-year average and refer to the middle one in the referent year.

5.1. Очекувана должина на животот при раѓање, по пол

5.1. Life expectancy at birth, by gender



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Очекуваниот век на живот бележи благ, но континуиран пораст. Податоците за 2007 година покажуваат дека жените со очекуван век на живот од 76.1 година живеат подолго од мажите за 4,1 години.

● Life expectancy shows a slight but continious increase. Data for 2007 show that women, having an average life expectancy of 76.1 years, live 4.1 years longer than men.

Стапка на смртност од хронични болести

Death rate due to chronic diseases

Дефиниција: Индикаторот се дефинира како стапка на смртност од одредени хронични болести за лица под 65-годишна возраст, по пол. При категоризацијата на хроничните болести е користена Меѓународната класификација на болести ICD 10 и земени се во предвид: малигните неоплазми; дијабетес мелитус; исхемичните болести на срцето; цереброваскуларните болести и хроничните болести на црниот дроб.

Definition: This indicator is defined as the standardised death rate of certain chronic diseases for persons aged less than 65 years, by gender. The International Classification of Diseases ICD 10 is used in defining chronic diseases and following disease are covered: malignant neoplasm diabetes melitus; ischemic heart diseases; cerebrovascular diseases; chronic lower respiratory diseases and chronic liver diseases.

5.2. Стапка на смртност од хронични болести

5.2. Death rate due to chronic diseases



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Пораката што произлегува од овој индикатор е дека стапката на смртност, како резултат на хроничните болести, е во постојан пораст, како кај мажите така и кај жените, достигнувајќи 160.4 лица на сто илјади лица во 2008 година. Состојбата е подрастична кај мажите со стапка на смртност од 198.6 во однос на жените каде што стапката на смртност од хронични болести изнесува 120.8 починати.

● The important message of this indicator is that death due to chronic diseases is constantly on the rise, both for men and women, reaching 160.4 per 100 000 persons in 2008. The situation is more drastic in men, with a death rate of 198.6 compared to the rate of 120.8 among women.

Стапка на самоубиства, по возрасни групи

Suicide death rate, by age group

Дефиниција: Индикаторот се дефинира како стапка на смртност од самоубиства и самоубиствени намери на 100 000 лица, по возрасни групи.

Definition: This indicator is defined as the crude death rate from suicide and intentional self-harm per 100 000 people, by age group.

5.3. Стапка на самоубиства, по возрасни групи

5.3. Suicide death rate, by age group



[1)] *Податокот за 2008 не е расположлив*
[1)] *Data for 2008 is not available*

Извор: Државен завод за статистика, Еуростат
Source: State Statistical Office, Eurostat

■ Стапката на смртност на лицата од возрасната група 15-19 во 2008 година бележи двојно зголемување во однос на претходната година и изнесува 3.8 самоубиства на 100 000 лица. Од друга страна, пак, кај возрасната група 50-54 години е регистрирано намалување и оваа стапка за 2008 година изнесува 10 лица.

● The suicide death rate among persons aged 15-19 doubled in 2008 compared to the previous year, reaching 3,8 suicides per 100000 persons. By contrast, the suicide death rate for the age group 50-64 dropped to 10 persons in 2008.

Стапка на самоубиства, по пол и по возрасни групи

Suicide death rate, by gender and age group

Дефиниција: Индикаторот се дефинира како стапка на смртност од самоубиства и самоубиствени намери на 100 000 лица, по пол и по возрасни групи.

Definition: This indicator is defined as the crude death rate from suicide and intentional self-harm per 100 000 people, by gender and age group.

5.4.1. Стапка на самоубиства, мажи, по возраст

5.4.1. Suicide death rate, by age group, males



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Стапката на самоубиства кај мажите на возраст од 15 до 19 години во периодот 2005-2007 се намалува и изнесува 2.4. Но, во 2008 година, стапката на самоубиства повторно се зголемува и изнесува 3.7 лица. Од друга страна, пак, драстично намалување на стапката на регистрирани самоубиства има кај возрасната група од 50 до 54 години (12.7).

● The suicide death rate for men aged 15-19 dropped to 2.4 in the period 2005-2007. However, in 2008 the suicide rate rose again to 3.7 persons. On the other hand, there has been a drastic drop of the suicide rate among men aged 50-54 (12.7 persons).

5.4.2. Стапка на самоубиства, жени, по возраст

5.4.2. Suicide death rate, by age group, females



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Состојбата е слична и кај жените со тоа што кај жените на возраст од 15 до 19 години е забележано тројно зголемување на стапката, од 1.3 на 3.9 лица во 2008. Кај возрасната група од 50 до 54 зголемувањето е поблаго и изнесува 1.5 во однос на претходната година.

● The situation is similar in women, where the suicide death rate for the age group 15-19 tripled from 1.3 to 3.9 in 2008. The suicide death rate among women aged 50-54 shows only a slight increase of 1.5 in comparison with the previous year.

6 Климатски промени и енергија

Climate change and energy

Стратешка цел:

„...Лимитирање на климатските промени, трошоците и негативните ефекти врз општеството и животната средина...“

Strategy objective:

“...To limit climate change and its costs and negative effects to society and the environment...”

Вовед

Климатските промени се една од најголемите закани за одржливиот развој. Тие се во корелација со економскиот раст и големата потрошувачка на енергија. Користењето енергија од фосилни извори станува неодржливо, па нејзината замена со т.н. чиста енергија произведена од обновливи извори, станува ургентна.

Постепената промена на постоечкиот неодржлив модел на производство и потрошувачка претставува основен предизвик. Енергијата е инпут во производствените процеси, а домаќинствата имаат голема енергетската потрошувачка. Сериозна е одговорноста на производителите да произведуваат производи со еко-ознаки со цел да се штеди енергијата.

Енергетската потрошувачка е строго поврзана со транспортот, особено побарувачката за патнички и товарен транспорт води до висока енергетска потрошувачка и емисија на стакленички гасови. Европската стратегија за одржлив развој предвидува до 2010 година, во просек, 12.0% од енергетската потрошувачка и 21.0% од потрошувачката на електрична струја да бидат обезбедени од обновливи извори. Истовремено, 5.7% од горивото за транспорт треба да биде покриено со биогорива, односно 8.0% до 2015 година.

Емисијата на стакленички гасови е причина за глобалното затоплување. Таа е под директно влијание на количината и комбинацијата на горива која зависи од структурата на индустриските производствени процеси и употребата на сопствени извори. Овие фактори влијаат на изборот на гориво што се употребува, а со тоа и на количината на емисија на стакленички гасови. Инвестициите во истражување и развој ќе овозможат употреба на енергетски ефикасни технологии и извори на чиста енергија.

Ефектите од емисијата ќе предизвикаат промени во земјоделството, употребата на земјата, понудата на вода, како и зголемен ризик од природни катастрофи што потенцијално ќе предизвика големи економски и социјални последици. Предизвик дефиниран со Протоколот од Кјото претставува глобалното намалување на емисијата на стакленички гасови од 8.0% во однос на нивото од 1990 година, а глобалната температура на воздухот да не се зголеми за повеќе од 2°C во однос на прединдустриското ниво.

Без одредени мерки, се очекува климатските промени да ги уништат природните ресурси и да влијаат врз глобалниот биодиверзитет. Климатските промени претставуваат глобален проблем кој може да се решава единствено со интегриран пристап во дефинирањето на политиките.

Табелите за секое поглавје можат да се видат во Додатокот.

Introduction

Climate changes are one of the main threats to sustainable development. They are correlated with economic growth and huge energy consumption. Energy consumption from fossil fuels is becoming unsustainable, so its replacement with clean energy produced from renewable sources is urgent.

Gradual change of the unsustainable production and consumption pattern is the main challenge. Energy is considered as an input into production processes, while households spend huge amounts of energy. Producers have a serious responsibility to produce eco-labeled products in order to help save energy.

Energy consumption is closely related to transport; in particular, the demand for passenger and freight transport leads to high energy consumption and greenhouse gas emissions. According to the European sustainable development strategy 12.0% of the energy consumption and 21.0% of the electricity consumption are to be covered by renewable sources by 2010. At the same time, about 5.7% of transport fuel should be covered by bio-fuels by 2010, or about 8.0% by 2015.

Greenhouse gas emissions are the cause of global warming. They are directly influenced by the quantity and combination of fuels, which in turn are dependent on the structure of industrial production processes and the use of own sources. These factors determine the fuel choice and, consequently, the amount of greenhouse gas emissions. Investment in research and development will enable the implementation of energy-efficient technologies and clean energy sources. These emissions will cause changes in agriculture, land use, water supply, as well as an increased risk from natural disasters, which may potentially have great economic and social consequences. Without further action climate change is also expected to damage natural resources and to affect global biodiversity.

Among the challenges defined in the Kyoto Protocol are the global reduction of greenhouse gas emissions by 8.0%, compared to the 1990 level, and limiting the increase of global average temperatures to within 2°C from pre-industrial levels.

Finally, climate changes as a global problem can be solved only by an integrated approach to policy-making.

The tables for each chapter can be seen in the Appendix.

Емисија на стакленички гасови, по сектори

Greenhouse gas emissions by sector

Дефиниција: Индикаторот го покажува трендот во антропогените емисии на стакленички гасови, регулирани според Протоколот од Кјото. Емисијата на стакленички гасови е искажана како агрегат на вкупната емисија на гасови изразена во CO_2 еквиваленти, во согласност со одделниот потенцијал за глобално затоплување. Влијанието на употребата и промената на земјиштето и шумите не е вклучено во вкупната емисија (LUCF).

Definition: This indicator shows trends in anthropogenic emissions of greenhouse gases regulated by the Kyoto Protocol. The emission of greenhouse gases is calculated as the aggregate of the total emission of individual gases and expressed in CO_2 equivalents, according to their global warming potential. Data exclude emissions and removals due to land use change and forestry (LUCF).

6.1. Емисија на стакленички гасови, по сектори

6.1. Greenhouse gas emissions, by sector



Извор: Министерство за животна средина и просторно планирање
Source: Ministry of Environment and Physical Planning

Климатски промени
Climate change

- Емисијата на стакленички гасови е одговорна за глобалното затоплување и може да има драматични економски и социјални последици врз животната средина на глобално ниво.

- И покрај тоа што не се располага со понови податоци, анализата на постоечките податоците покажува една постојаност во емисијата на стакленички гасови. Според изворите на емисија на стакленички гасови, најголем извор на стакленички гасови е секторот Енергија со околу 78.0% во вкупната емисија.

- Во секторот Индустриски процеси се забележува тренд на намалување, веројатно како резултат на намалениот интензитет на работа на индустриските капацитети.

- Во секторот Отпад, состојбата е непроменета.

- The emissions of greenhouse gases are responsible for global warming, with potentially dramatic economic, social and environmental consequences at a global level.

- Even though more recent data are not available, the analysis of existing data shows a consistency in greenhouse emissions. Split by sectors, the biggest source of greenhouse gas emissions is the Energy sector with almost 78.0% in total emissions.

- The Industrial processes sector shows a decreasing trend, most likely due to the declining activities within the industrial capacities.

- The situation in the Waste sector remains unchanged.

Учество на обновливата во вкупната потребна енергија

Share of renewables in gross inland energy consumption

Дефиниција: Индикаторот се дефинира како процентуално учество на обновливата енергија во вкупната потребна енергија.

Definition: This indicator is defined as the percentage share of renewables in gross inland energy consumption.

6.2. Учество на обновливата во вкупната потребна енергија

6.2. Share of renewables in gross inland energy consumption



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Обновливата енергија, во просек, учествува со 10.0% во вкупната потребна енергија, но во 2007 година е забележан пад од 2.2%. Падот се должи на намаленото производство на енергија од сите видови извори на обновлива енергија - геотермална, биомаса и особено хидроенергија. Ниското учество укажува дека доминира употребата на фосилни горива што е неповолно поради исцрпувањето на енергетските ресурси, но и поради загадувањето на животната средина.

● Renewable energy participates, on average, with 10.0% in gross inland energy consumption, but in 2007 that share decreased by 2.2%. The decline is a result of the decrease in energy production of all types of renewable energy: geothermal, biomass and especially hidroenergy. The low share of renewable energy indicate that the use of fossil fuels is still dominant, which is very unfavorable because it causes depletion of energy resources and pollutes the environment.

Енергија
Energy

Енергетска зависност

Energy dependency

Дефиниција: Енергетската зависност покажува колкава е потребата на една економија од увоз на енергија со цел да ги задоволи енергетските потреби. Таа се пресметува како соодност меѓу нето-увозот и вкупно потребната енергетска потрошувачка и залихите.

Definition: Energy dependency shows the extent to which an economy relies upon imports in order to meet its energy needs. The indicator is calculated as net imports divided by the sum of gross inland energy consumption plus bunkers.

6.3. Енергетска зависност
6.3. Energy dependency



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Податоците покажуваат постојана тенденција на пораст на енергетската зависност од увоз со цел да се задоволат енергетските потреби во земјата. Во 2007 година, 48.3% од енергетските потреби се покриени со увоз.

● Data show a continuous tendency toward increase in energy import dependency in order to satisfy the energy demand of the country. In 2007, 48.3% of energy demand was covered with import.

Вкупно потребна енергија по видови енергенти

Gross inland energy consumption, by fuel

Дефиниција: Вкупно потребната енергија ја претставува количината на енергија потрошена во земјата. Таа се пресметува како вкупно количество на произведена енергија во земјата зголемено за увезената и намалено за количината на извезена енергија. Индикаторот е претставен според видовите енергенти.

Definition: Gross inland energy consumption is the quantity of energy consumed within the country. It is calculated as total domestic energy production plus energy imports minus energy exports. The indicator is broken down by fuel type.

6.4. Вкупна потребна енергија по видови горива

6.4. Gross inland energy consumption, by fuel



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

Енергија
Energy

- Потребата за енергија во земјата покажува тенденција на постојан раст во текот на годините.

- Забележан е постојан пораст на потрошувачката на сите видови енергети со исклучок на цврстите горива и обновливите извори на енергија.

- Во 2007 година е забележан пад само кај енергијата од обновливи извори што, главно, се должи на падот на производството на електрична енергија.

- The energy demand in the country shows a tendency toward permanent rise during the past period.

- With the exception of solid fuels and renewables, there has been an increase in the consumption of all other types of energy agents.

- In 2007, a decline was observed only in the energy consumption from renewable sources, which is mainly due to the fall in electricity production.

Електрична енергија од обновливи ресурси

Electricity generated from renewable sources

Дефиниција: Овај индикатор е дефиниран како учество на обновливите извори на енергија во вкупната бруто-потрошувачка на електрична енергија, мерено во kwh. Тој го мери учеството на електричната енергија произведена од обновливи извори во вкупната национална потрошувачка на електрична енергија. Бруто-домашната потрошувачка на електрична енергија се состои од вкупното бруто-домашно производство на електрична енергија од сите видови плус увезената електрична енергија минус извезената.

Definition: This indicator is defined as the ratio between the electricity produced from renewable energy sources and the gross national electricity consumption expressed in kwh. It measures the contribution of electricity produced from renewable energy sources to the national electricity consumption. Gross national electricity consumption comprises the total gross national electricity generation from all fuels (including autoproduction), plus electricity imports, minus exports.

6.5. Електрична енергија од обновливи ресурси

6.5. Electricity generated from renewable sources



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

Енергија
Energy

■ Бруто-домашната потрошувачка е составена од вкупно потребната енергија и вкупното бруто-производство (хидро и термоелектрична енергија).

■ Оваа категорија ја претставува електричната енергија која е на располагање во земјата, добиена преку увоз и со сопствено производство и се троши во енергетскиот сектор, индустријата, сообраќајот, домаќинствата и во другите сектори.

■ Податоците покажуваат дека во 2007 година, покривањето на потребите за електрична енергија од обновливи извори било значително намалено, а потребите за електрична енергија се покривале со зголемен увоз.

● Gross domestic electricity consumption comprises gross inland consumption and gross energy production (hydro and thermal energy).

● This category represents the electricity available in the country, both imported and produced in the country, and consumed in the energy sector, industry, transport, households and other sectors.

● Data show that in 2007 the supply of electricity from renewable sources did not cover the demand, so electricity consumption was covered by increased import.

7 Одржлив транспорт

Sustainable transport

Стратешка цел:

„...Да обезбеди транспортниот систем да ги задоволи економските, социјалните и еколошките потреби на општеството преку минимизирање на неговите несакани влијанија врз економијата, општеството и животната средина...“

Strategy objective:

“...To ensure that our transport systems meet society’s economic, social and environmental needs whilst minimising their undesirable impacts on the economy, society and the environment...”

Вовед

Транспортот има фундаментално значење за развојот на општеството, обезбедува мобилност и ја олеснува индустријата и трговијата.

Транспортот директно го поддржува економскиот раст поврзувајќи ги, од една страна, производителите и ресурсите и потрошувачите, и, од друга страна, претставува средство за успешна социјална инклузија.

Но, транспортот, генерално, има големи последици по животната средина.

Високиот економскиот раст бара голема потрошувачка на енергија за поддршка на зголемениот обем на товарниот и патничкиот сообраќај. Доминацијата на одредени видови на транспорт директно влијае на животната средина преку емисијата на стакленички гасови или преку зголемениот број на сообраќајни несреќи.

Емисијата на загадувачи од транспортот влијае на квалитетот на воздухот, ги загадува насадите, добитокот и влијае врз здравјето на луѓето. Бучавата од транспортот и изградбата на транспортната инфраструктура придонесуваат за исчезнување на голем број животински видови.

Зголемената потрошувачка на енергија во транспортот може да влијае врз залихите на енергија и да ги забрза климатските промени. Употребата на биогорива во транспортот може да ја намали енергетската зависност, да обезбеди поздраво земјоделско производство. Но, производството на биогорива ќе има негативно влијание врз биодиверзитетот, почвата, квалитетот на водата, а карбонскиот баланс може да биде и влошен како резултат на сечата на шуми и употребата на фертилизатори.

За да се минимализираат штетните последици од транспортот, неопходно е одвојување на економскиот раст од побарувачката за транспорт. Потребата од енергија за транспортни цели треба да се сведе на одржливо ниво, а употребата на енергија во транспортот и емисијата на стакленички гасови треба да се сведе на одржливо ниво. Реформата во јавниот сообраќај, примената на „еколошки“ транспорт и намалувањето на бучавата ќе обезбедат минимални последици врз здравјето на луѓето.

Табелите за секое поглавје можат да се видат во Додатокот.

Introduction

Transport is of fundamental importance to the development of society, because it provides mobility and facilitates industry and trade. It directly links producers and consumers, but it is also a means for successful social inclusion.

However, transport in general has negative consequences for the environment.

High economic growth requires high energy consumption to support the increased volume of freight and passenger transport. The dominance of particular transport modes has a direct influence on the environment, through emissions of greenhouse gases or the increased number of traffic accidents. Emissions of pollutants from transport affect air quality, can damage plants and animals, and impact human health. Noise from transport and construction of transport infrastructure contributes to the disappearance of a considerable number of animal species.

The increased transport energy consumption reduces energy supplies and accelerates climate changes.

The usage of biofuels in transport can reduce the energy dependency and provide healthier agricultural production. However, the production of biofuels will negatively affect biodiversity, the soil and the water quality, while the carbon balance can be worsened due to forest cutting and use of fertilizers.

In order to minimize the harmful consequences of transport, economic growth has to be decoupled from transport demand. Transport energy demand should be reduced to a sustainable level. Changes in public transport and introduction of environmentally-friendly transport and noise reduction will ensure minimum repercussions on human health.

The tables for each chapter can be seen in the Appendix.

Учество на патничкиот сообраќај во вкупниот копнен сообраќај
Modal split of passenger transport

Дефиниција: Индикаторот се дефинира како процентуално учество на секој вид транспорт во вкупниот копнен сообраќај, изразен во патнички километри.

Definition: This indicator is defined as the percentage share of each mode of transport in total inland transport, expressed in passenger-kilometres (pkm).

7.1. Учество на патничкиот транспорт во вкупниот копнен сообраќај
7.1. Modal split of passenger transport



[1)] Проценет податок
[1)] Estimated data

Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Овој индикатор ја следи реализацијата на поставената цел за балансиран премин кон еколошки ориентиран сообраќај што би обезбедило негова одржливост и мобилност. Неопходно е да се преземат мерки и активности за постепена замена на патниот со железнички сообраќај и подобрување на јавниот превоз. Во индустријата, потребно е намалување на интензитетот на сообраќајните текови преку промени во производните модели и начинот на организација на работењето, сето тоа комбинирано со подобра врска меѓу различните видови на транспорт.

■ Податоците за учеството на патничките километри поминати со автомобили се проценети, па сепак, евидентно е дека тие имаат најголемо учество, а со тоа најголема моќ на загадување, особено што со голем број на возила се превезуваат мал број на патници.

■ Учеството на поминати патнички км со автомобил во вкупниот копнен сообраќај во 2008 година изнесува 74,8%, што е за 2,3% помалку од претходната година. Трендот кај превозот со автобуси е во благо зголемување и во 2008 година изнесуваше 22,8%, додека железничкиот сообраќај, учествуваше со 2.4%.

● The indicator monitors the realization of the goal of achieving a balanced shift towards environmentally friendly transport modes that would provide sustainable transport and mobility system. Measures and activities need to be taken in order to make a gradual shift from road to rail transport and to make improvements to public transport. Concerning industry, it is necessary to decrease the intensity of transport flows by reengineering the production patterns and work organization, combined with better connections between different transport modes.

● Data on passenger kilometers are estimated but it is obvious that they have the biggest share in inland transport, and consequently in pollution, particularly because a small number of passengers are transported by a great number of cars.

● The share of the number of passenger kilometres performed by passenger cars, recorded in 2008, amount 74.8% and is lower in comparison with previous year for 2.3%. The trend in bus transport shows a slight increase and in 2008 participated with 22.8%, while rail transport participated with 2.4%.

Структура на товарниот копнен сообраќај
Modal split of freight transport

Дефиниција: Индикаторот се дефинира како процентуално учество на секој вид транспорт во вкупниот товарен копнен транспорт, изразен во тонски километри (tkm). Индикаторот ги вклучува патниот и железничкиот транспорт. Патниот транспорт се базира на сите движења на возила регистрирани во земјата.

Definition: This indicator is defined as the percentage share of each mode of transport in total inland transport expressed in tonne-kilometres (tkm). It includes transport by road and rail. Road transport is based on all movements of vehicles registered in the country.

7.2. Структура на товарниот копнен сообраќај
7.2. Modal split of freight transport



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Потребата од промена на видот на товарниот сообраќај е идентична со онаа кај патничкиот сообраќај. Тоа значи избор на вид на транспорт кој ќе обезбеди максимално ефикасно работење со минимални последици по животната средина.

■ Во вкупниот товарен транспорт во Република Македонија доминира патниот транспорт со учество од 84,3% во вкупните тон-километри во 2008 година. Железничкиот транспорт учествува со 15,7% кои, сепак, претставуваат позитивно поместување во однос на изминатиот период.

● The need for change in the mode of freight transport is identical as in passenger transport, and it means selecting a mode of transport that will provide maximum work efficiency with minimum consequences for the environment.

● The dominant mode of transport in the total freight transport in the Republic of Macedonia is road transport, participating with 84,3% in the total inland freight tonne-kilometres in 2008. Rail transport participates with 15,7%, which is, nevertheless, a positive movement in comparison with the previous period.

Лица загинати во сообраќајни несреќи

People killed in road accidents

Дефиниција: Загинатите во сообраќајни несреќи ги вклучуваат возачите и патниците на моторни возила и велосипеди како и пешаците.

Definition: Fatalities caused by road accidents include drivers and passengers of motorised vehicles and pedal cycles as well as pedestrians.

7.3. Лица загинати во сообраќајни несреќи, по возрасни групи

7.3. People killed in road accidents, by age group



Извор: Државен завод за статистика
Source: State Statistical Office

■ Бројот на загинати лица во сообраќајни несреќи во изминатиот период бележи променлив тренд. Најголем број на загинати лица во сообраќајни несреќи, од 2003 година наваму е забележан во текот на 2007 година, 173 лица. Во 2008 година состојбата е подобрена, а единствено е зголемен бројот на загинати лица на возраст над 65 години, односно 9 лица повеќе во однос на претходната година.

● The number of people killed in traffic accidents in the recent period shows a fluctuating trend. The largest number of people killed in accidents, from 2003 onward was recorded in 2007, 173 persons. However, the situation improved in 2008 when there was an increase only in the number of people aged over 65, 9 persons that are killed in accidents more than in previous year.

8 Природни ресурси

Natural Resources

Стратешка цел:

„...Зачувување и управување со природните ресурси...“

Strategy objective:

“...Conservation and management of natural resources...”

Вовед

Иднината на следните генерации е условена од природните ресурси. Тие мора да се користат претпазливо, имајќи предвид дека им се потребни и на идните генерации. Природата ги обезбедува основните услови за живот како што се водата, храната, потребните суровини. Сите негативни промени на залихите на природните ресурси, можеби не се моментална закана, но на долг рок тие не смеат да предизвикаат намалување на способноста на животната средина за обезбедување на суштествените услуги што ги обезбедува екосистемот. Притисокот врз природната средина веќе придонесе за значајни загуби во интензитетот на сите видови на екосистеми и услугите што тие му ги овозможуваат на општеството.

Зголемената економска активност, развојот на урбаните средини и влијанието на транспортната инфрастуктура се основните причини за губење на биодиверзитетот.

Свежата вода е скапоцен природен ресурс којшто е доведен во прашање и според квалитетот и според квантитетот. Климатските промени влијаат на количеството на вода како и на популацијата на микроорганзими кои активно учествуваат во прочистувањето на водата. Потрошувачката на вода за наводнување дополнително ја влошува состојбата со резервите.

Шумите, освен стопанска, имаат и функција на заштита на природата преку заштита на биодиверзитетот и заштита од ерозија. Тие се од голема важност за одрживиот развој заради влијанието што го имаат врз климата, режимот на водите, производството на кислород и квалитетот на животната средина.

